**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јули 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Со седницата претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија .

**Слободан Најдовски:** Дами и господа пратеници ја отворам 106-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ангелка Пеева-Лауренчиќ. Андреј Жерновски, Ристана Лалчевска, Али Ахмети, Теута Арифи, Фазли Велиу, Јусуф Арифи, Недим Рамизи, Исмет Рамадани, Аднан Ќахил, Иван Анастасовски, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓорѓиев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумоски, Сашко Кедев, Ванчо Стаменков, Љубчо Георгиевски, Љубисав Иванов-Ѕинго, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Очигледно не притиснале сите на копчињата.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници.

Пауза до 11,30 часот, за да обезбедиме кворум, немаме доволен број на пратеници.

(по паузата седницата продолжи во 11,30 часот)

(Со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски претседател на Собраниетго на Република Македонија)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за испраќање единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан и Предлогот на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија, медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози на одлуки да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор Јован Манасиевски, министер за одбрана.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе, итноста на овие одлуки е поврзана со испраќањето на овие две единици. Едната треба да биде испратена на 8 август, а втората евентуално третата недела на август . Од таму Владата моли да бидат ставени денес на дневен ред.

**Љупчо Јордановски:** Значи, предлогот на Владата , Предлогот на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 68 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата , Предлогот на одлуката за испраќање на единица на армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан:

2. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан:

3. Утврдување на Нацртот на амандманите од 20 до 34 на Уставот на Република Македонија :

Дали некој има предлози за изменување или дополнување на дневниот ред? (нема)

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 66 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Дали некој има забелешки во врска со редоследот на точките. (Нема)

Констатирам дека утврдениот и изгласаниот дневен ред е дневен ред по кој ќе работиме.

**Минуваме на точката 1-Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 68 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан.

**Минуваме на точката 2-Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.**

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Кој бара збор?

Има збор Јован Манасиевски, министер за одбрана.

**Јован Манасиевски:** Почитуван господине претседателе, дозволете ми мошне кратко само да го истакнам значењето на оваа одлука, бидејќи станува збор за една новина. За прв пат Република Македонија испраќа единица медицински тим и тоа она што е уште позначајно од политички аспект се работи всушност за здружен, или заеднички медицински тим на три држави потписнички на Јадранската повелба што всушност претставува прво упатување на заедничка единица на балканските народи во мисија во трета земја. И уште еден исто така мошне значаен факт е што овој здружен медицински тим се наоѓа во состав на уште една балканска држава, во состав на грчкиот медицински контингент. Така што со ова испраќање на оваа единица всушност се испраќа и една мошне силна порака за интензивна регионална соработка и заедничко настапување на балканските држави во мисии во функција на поддршка и одржување на мирот. Инаку, нашата единица како и сите останати други единици е високо обучена, високопрофесионална. Во оваа прва ротација Република Македонија ќе биде водечка нација што значи дека и командирот на здружениот медицински тим ќе биде од редовите на Армијата на Република Македонија .

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 69 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.

**Минуваме на точката 3-Утврдување на нацртот на амандманите од 20 до 34 на Уставот на Република Македонија**

Владата на Република Македонија врз основа на член 203 од Деловникот на Собранието на Република Македонија поднесе текст на Нацртот на амандманите од 20-тиот до 34-от на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацртот на амандманите, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 131, став 2 од Уставот на Република Македонија Нацртот за измена на Уставот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и го става на јавна дискусија.

Согласно член 204 став 1 од Деловникот на Собранието претресот во Собранието се води за секој амандман одделно и може да се дадат мислења и предлози, а согласно член 204 став 2, Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници го утврдува Нацртот на секој амандман одделно и Нацрт амандманите во целина.

Воведно излагање по нацртот на амандманите ќе поднесе Мери Младеновска-Ѓорѓивска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван претседател на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници, дами и господа,

Во рамките на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија една од приоритетните цели и иницијативи е реформата на правосудниот систем. Кога станува збор за реформа на правосудниот систем на Република Македонија може да констатираме дека сите изминати години се преземаа многу чекори на законодавен план се изготвуваа нови закони, се изготвуваа измени и дополнувања на постојните закони, но сепак и покрај сите тие измени на законските прописи остануваат одредени слабости кои треба да бидат надминати. Сите анализи укажуваат дека овие слабости неможат да бидат надминати само со дополнително менување на законските прописи, дека требаше да се започнат покоренити промени кои ќе почнат најнапред од Уставот на Република Македонија за да може тоа што ќе биде усвоено со уставните амандмани понатаму да биде преточено во законски одредби. Токму затоа Владата на Република Македонија во мај месец до Собранието достави предлог за пристапување кон уставни измени по чие усвојување продолживме со изготвување на нацрт амандмани за кои на оваа седница се расправа.

Реформата на правосудниот систем за секоја држава претставува многу голема и исклучително сериозна работа која задолжително за да ги даде очекуваните позитивни резултати подразбира усогласување ;на многубројните предлози од различни субјекти во една конзистентна целина.

Република Македонија реално може да се окаректизира како држава со кревки столбови и правилна конструкција кога се имаат предвид уставните решенија и нашата досегашна пракса на почитување на законите. Во изминативе 15

години успеавме да ги поставиме основните столбови на поделба на власта на законодавна, извршна и судска, но мораме да констатираме дека нивната цврстина, самостојност и значење не беше доволно меѓусебно усогласена. Зајакнувањето на самостојноста на судската власт во однос на извршната и законодавната е императив во оваа реформа како услов за стабилност на политичкиот систем. Со промените во Уставот, трите столба на власта во рамките на своите уставни надлежности ќе бидат доволно самостојни и силни, но и под заемна контрола на другите два столба со цел да го зачуваме нашиот дом стабилен.

Не треба да не изненадува и да не навредува перцепцијата на претставниците од западните општества со долгогодишно демократско искуство кои не дефинираат како држава со млада демократија. Според мене во изминатиов период за Република Македонија тоа се покажува како вистинска предност и можност да дојдеме до соодветни решенија втемелени на карактеристиките на нашата држава.

Можеме да констатираме дека доаѓањето до одредени уставни решенија, според стандардите на овие земји, кон кои се стремиме го постигнавме за многу пократко време во споредба со нивното искуство. Меѓутоа, освновна карактеристика на земјите што се карактеризираат како млада демократија е имплементацијата на донесените решенија. Македонија во овој поглед покажа дека има голема желба и поседува политичка волја, но не и цврсти механизми како да го обезбеди применувањето и почитувањето на нормите. Промената на Уставот и доаѓањето до одредено уставно решение кое го одредува политичкиот систем е компромис за најсоодветното решение во однос на можното и најдоброто.Собранието на Република Македонија пристапи кон промена на Уставот и на тој начин јасно ја декларира политичката волја дека единствено со измена и дополнување на одредени уставни решенија Македонија може да го подобри функционирањето на политичкиот систем во оној дел кој што се однесува пред се на сферата на судството.

Почитувани пратеници, првата фаза од овој исклучително значаен процес за Македонија ја поминавме со постигнување консензус меѓу политичките партии застапени во законодавниот дом на општо задоволство на граѓаните. Го споделувам заедничкото чувство со секој од вас дека во овој процес нема и не треба да има еднострана партиска обоеност . Искуството не учи дека таквиот пристап дава бенефити привремено и по извесно време му се враќаат како бумеранг врз оној што инсистирал на нив.

Понудените решенија, или решенијата до кои ќе дојдеме треба да бидат анализирани низ призмата и интересот на Република Македонија. Единствено со таков пристап обезбедуваме правната норма да биде третирана како заедничка вредност и да и гарантираме трајност и применливост во секојдневниот живот. Вистинската придобивка со долгогодишната примена на правните норми е стабилност на политичкиот систем и прифатеност од генерациите што доаѓаат.

Министерството за правда во изминатиов период искрено и одговорно пристапи на детектирање на слабите страни во постојните уставни решенија што се во спротивност со духот на денешното време, а се однесуваат на функционирањето на правосудниот систем.Доаѓањето до добри решенија се темели врз искуствата, пред се на земјите од Европската Унија. Ваквиот пристап произлегува од политичката определба на сите нас врзана со нашата цел, а тоа усогласувањето на домашното законодавство со законодавството на земјите членки на ЕУ.

Како Министерство за правда, како орган кој е директно надлежен и задолжен за реализација на овој значаен проект за нашата држава можам да го истакнам сопственото определување дека одговорноста е индивидуална, а успехот заеднички. Досегашното искуство и соработка говори дека секој од нас лично и како претставник на одредена институција учествува во работата на органите со исклучителна посветеност со цел да се дојде до колку што е можно поквалитетни решенија. Таквиот пристап создава задоволство и влева дополнителна надеж дека сме на вистинскиот пат во постигнувањето на целта преку заокружување на започнатиот процес.

Почитувани пратеници на самиот почеток секој од нас во реформата на правосудниот систем го препозна и го виде државниот интерес и тоа е она што сите не обединува да го направиме со цел да дојдеме до најдоброто решение што е во интерес на граѓаните на Република Македонија. Заради разбирливите разлики што постојат меѓу луѓето во демократско општество свесна сум дека секој од нас мисли дека неговото решение е најдоброто и од тие причини сметам дека компромисот е моделот што ќе не доведе до најсоодветните решенија, а не исклучивоста и едностраноста. Политичкиот консензус се прави со цел за пократко време со помалку потрошени ресурси на квалитетен начин и со примена на демократски средства и методи да се реализира политичката определба од државен интерес. Заслугата за успешната реализација на она што е договорено им припаѓа на сите учесници во политичкиот процес, а одговорноста ја носат актуелните субјекти. Заради исклучително големото значење за спроведувањето на овој политички процес потребна е подршка од сите политички субјекти во Собранието. Со реализацијата на оваа цел, Република Македонија како држава се приближува до стандардите што одамна се практика во развиените демократски држави. Основни принципи врз кои се темели и ја спроведуваме реформата на правосудството се владеење на правото, поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, гарантирање на независноста на судството, заштита на правата на граѓаните, гарантирање на еднаков пристап со правдата, како и почитување

на европските стандарди во сверата на правдата утврдени во меѓународни документи од оваа област.

Кога започнавме со реформата на правосудниот систем поставивме јасни принципи дека целокупниот процес мора максимално да биде отворен и подложен на јавна дебата. Со формирањето работна група во Министерството за правда составена од претставници на правосудните институции, експерти и претставници од политичките партии, од власта и од опозицијата, практично ја применивме претходно утврдената определба. Свесни сме дека во овој процес нема успех без подршка на опозизијата, но исто така, сме свесни дека одговорноста е на луѓето од власта.

Собранието како што споменав го утврди поднесениот предлог за пристапување кон уставни измени.

Во овој момент пред вас е Нацртот на амандманите за кои Собранието дебатира, но сакам да ја истакнам определбата на Владата, која и претходно беше искажана дека ние во целиот овој процес сме транспарентни, затоа и во работата се вклучени и претставници од политичките партии и од власта и од опозицијата и понатаму во процесот на изготвувањето на Предлогот на амандманите ќе продолжиме на истиот начин преку транспарентно одвивање на овој процес, преку примање на сите сугестии и забелешки за на крај сите заеднички да дојдеме до најсоодветното решение.

Секако ќе се согласите дека сите заедно очекуваме подобрување на предложениот текст на Нацртот на амандманите и од оние сознанија кои ќе ги добиеме на јавната расправа во која ќе бидат вклучени сите релевантни здруженија од сверата на Уставното право, сите институции од сверата на правосудниот систем и политичките партии.

Дозволете ми накратко да ги опразложам и амандманите поединечно, потенцирајќи што е суштината на секој од амандманите поединечно.

Амандманот 20 се однесува на надлежноста на прекршоците. Со овој амандман се воведува можност, за прекршоците како казниви дела покрај судовите да одлучуваат и други органи на управата, организации, или институции кои вршат јавни овластувања.

Според досегашното решение единствено судовите се надлежни да судат за прекршоци што доведо до енормно зголемување на прекршочните предмети во судовите кои се јавуваат како една од причините за неажурност на судовите.

Новото решение ќе овозможи растеретување на судовите од постапување по најлесните прекршоци кои имаат чисто административен карактер, како што се царинските, даночните, надворешно трговските, девизните и собраќајните.

Амандманот 21 се однесува на судењето во разумен рок. Со овој амандман се воведува правото на правично јавно судење во разумен рок во согласност во член 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи.

Со ова решение се дава можност граѓаните да бараат заштита на ова право пред домашните судови со што би се намалил бројот на жалби по овој основ против Република Македонија пред Европскиот суд за човкекови права.

Гаранцијата за правото на фер судење во разумен рок со предложениот амандман е проширена со оглед на тоа што со ова право се гарантира и пред органите на управата и пред другите институции со јавнио оластувања кога одллучуваат за правата и обврските на граѓаните.

Со амандманот 22 се регулира прашање поврзано со изборното законодавство. Сакам да истакнам дека истовремено со овој процес на реформи кој се однесува на сверата на правосудството во Министерството за правда интензивно се работи на измени на изборното законодавство врз основа на кои прописи треба да се спроведат парламентарните избори 2006 година.

Сметаме дека е важно овој процес на измени во изборното законодавство да се искористи за соодветни измени кои понатаму ќе бидат преточени во законски одредби, а кои во овој момент значат промена на Уставот и се однесуваат на прашањето на избор на претседател на државата во вториот круг.

Токму затоа со амандманот 22 се обезбедува поедноставување на постапката за избор на претседател во вториот круг со што се избегнува блокада на политичкиот систем во случај кога не може да се изврши избор на пртседател на државата.

Овој амандман значи дека досегашното решение за избор на претседател во вториот круг се менува со решение кое значи дека претседател ќе биде избран оној кандидат за кој гласале повеќето од граѓаните кои излегле на гласање независно колкав е бројот на гласачи што го оствариле правото на глас.

Искуствата покажуваат дека ваквит избор на пртседател е порационален и обезбедува функционирање на институциите на државата, а секако знач и трошок на помалку финансиски средства.

Ваквиот начин на избор на претседател е пропишан во Франција, Украина, Словачка и други земији.

Продолжувам со амандманот 23 кој се однесува на правото на претседателот на државата да именува членови на државниот судски совет и на Советот на државни обвинители.

Со овој амандман се менува надлежноста на претседателот на државата и се трансформира досегашното право на предлагање двајца членови на РСС. Овој амандман мора да се разгледува само во контекст со целокупниот

процес на реформи, во контекст со сите останати амандмани, бидејќи на сосема поинаков начин се пропишува постапката на избор на судиите јавни обвинители.

Овие измени што се прават мора да бидат преточени во одредбите кои се однесуваат на правото на претседателот за предлагање односно сега именување членови на институциите кои ќе ги бираат судиите, јавни обвинители

Токму за тоа сметаме дека е соодветно предложеното решение за да не се доведеме во ситуација како што имавме во измимнатиот период, некомплетиран состав на телото што ќе ги бира судиите односно државните обвинители. Затоа предлагаме ова право на претседателот на значи именување на двајца членови на Државниот судски совет, односно именување на двајца членови на Советот на јавни обвинители.

Амандманот 24 се однесува на одлучување за имунитетот на Владата.

Со овој амандман се обезбедува постапка за одлучување за имунитет на членовите на Владата да одлучува Собранието како орган што ја избира Владата, а не и самата Влада.

Сметаме дека на овој начин се овозможува поголема одговорност на сите членови на Владата тргнувајќи од претседателот и министрите.

Согласно препораката број 15 на ГРЕКО (Група на држави против корупцијата), на Советот на Евроопа, што е содржана во извештајот за Република Македонија  од 2002 година, сметаме дека на овој начин ќе можеме да направиме и чекор напред во однос на елиминирање на оние прашања за кои што и од страна на меѓународните фактори имаме забелешки.

Амандманот 25 се однесува на надлежност на Влдата за предлагање на обвинител.

Со овој амандман се интервенира во одредбата на Уставот која ја уредува надлежноста на Владата на Република Македонија  и се предвидува дека Владата и во иднина ќе го предлага Врховниот државен обвинител.

Новината се состои во тоа што Владата ќе го предлага само Врховниот државен обвинител, а не и останатите државни обвинители, како досега, бидејќи тие со останатите амандмани во иднина ќе бидат избирани директно од Советот на јавни обвинители.

Амандманот 26 се однесува на мандатот на судиите, престанокот и разрешувањето на функциите.

Со овој амандман се уредува мандатот на судиите, основите за престанок и иразрешување од судиска функција со одредбата која предвидува првиот избор за судија во првостепен суд, да биде во траење од три години ќе се овозможи преку следење и оценка на работата на новоизбраните судии само оние кои ќе покажат ажурност и квалитетност во својата работа да можат да бидат избрани без ограничување на траење на мандатот.

Ваквото решение е во согласност со меѓународните стандарди кои овозможуваат и даваат можност државата да избира дали судиите ќе имаат неограничен мандат или мандат со ограничено траење.

Новина во однос на престанокот на судиската функција е тоа дека судиската функција престанува доколку судијата биде избран или именуван на друга јавна функција освен кога судиската функција мирува под услови утврдени со закон.

Целта на оваа новина, ќе бидат уредени условите под кои на судијата му мирува судиската функција, а во согласност со стандардите кои постојат во Европа кога судиите освен во вршењето на судиската функција можат да бидат ангажирани на други работи кои се однесуваат на законодавен план во изготвување на закони, во кои услови им мирува привремено судиската функција.

Сметаме дека на овој начин, ќе може да биде искористен капацитетот на практичарите и на законодавен план во време кога државата презема реформски зафати во сите оние закони кои се однесуваат на сверата на правосудството.

Амандманот 27 се однесува на имунитетот на судиите.

Со овој амандман се уредува содржината на имунитетот на судиите и органот кој ќе одлучува за одземање на имунитетот, а според предложените Нацрт-амандмани тоа е Државниот судски совет со двотретинско мнозинство гласови.

Новина, претставува попрецизното определување на имунитетот на судиите во смисла на функционален имунитет односно имунитет во вршење на судиската функција, а нецелосна неодговорност на судиите пред правото.

Судиите уживаат материјално правен и противно правен имунитет.

Материјално правниот имунитет се состои во кривична и граѓанско-правна недоговорност за мислење и одлучување при донесување на судиските одлуки, а

Противно-правниот имунитет се однесува на имунитетот на судијата со избор. Во таа смисла судија не може да биде притворен без одобрение на Државниот судски совет освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.

Амандманот 28 се однесеува на составот на државниот судски совет, мандатот, имунитетот, престанокот и разрешувањето од функцијата член на Државен судски совет, како и неспоивоста на функцијата.

Новина во овој амандман е проширување на бројот на членовите на Советот и неговиот состав.

Структурата на Советот е тројна, во таа смисла што ја сочинуваат претставници избрани, односно именувани од судската, законодавната и извршната валст. Во Советот, согласно Меѓународните стандарди, доминираат

претставници од судската власт, осум члена се судии што ги избираат самите судии од своите редови, при што тројца членови се припадници на заедниците, со примена на начелото на правична и соодветна застапенсот, тројца членови избира Собранието и двајца членови Претседателот на државата, од кои еден е припадник на заедниците.

Покрај избраните и именуваните членови во Советот, по функција членуваат и минситерот за правда и претседателот на Врховниот суд кој е претседател на Советот.

Во однос на составот на Советот, препоракит ена меѓународните документи се однесуваат само на органот и составот на органот што ги избира судиите, а тоа значи дека за прашања што се однесуваат на статусните рпашања на судовите мора овој орган да биде составен од мнозинство судии. Овој амандман ги задоволува овие барања, но за останатите членови нема препораки. Решенијата во сите држави се различни. Со предложениот состав сметаме дека ќе се обезбеди потребниот баланс помеѓу трите власти со цел да се избегнат недостатоците од чисто судскиот состав на Советот.

Мандатот на членовите е пропишано да трае 6 години, во овој дел нема промена во однсо на сегашниот мандат на псотојните членови на Републичкиот судски совет.

Амандманот 29 се однесува на надлежност на Државниот судски совет. Со овој амандман е уредена надлежноста за сите прашања поврзани со статусот на судиите како што е изборот, разрешувањето, одлучувањето за напредување во кариерата, одлучувањето за дисциплинска одговорност и имунитет, како и изборот и разрешувањето на претседатели на судови, исто така се доверени на Државниот судски совет, како највисок гарант за независноста на судството, а пред се поаѓајки од составот на овој орган.

Амандманот 30 се однесува на Обвинителството. Со овој амандман на малку поинаков начин се уредуваат прашањата поврзани со функционирање на Обвинителството.

Во однос на именвувањето и разрешувањето на Врховниот државен обвинител и понатаму оваа надлежност останува на Собранието, а на предлог на Владата. Новина е дека сите останати државни обвинители ќе ги именува и разрешува Советот на државни обвинители. Со ова решение, во согласност со меѓународните стандарди, уште повеќе се зајакнува позицијата на Овинителството во однос на постојната позиција, а со цел овој орган ефикасно да ги гони сторителите на јавни функции за сторени кривични дела.

Во поглед на мандатот на Врховниот државен обвинител, истиот изнесува 6 години, без право на повторен избор, со што за него останува истото Уставно решение. За останатите обвинители, како и за судиите се предвидува првиот мандат да биде со ограничено траење.

Основите за престанок и разрешување од функција Врховен државен обвинител и за останатите државнио бвинители, се идентички како и кај судиите, со тоа што за разрешување од функција Врховен државен обвинител одлучува Собранието, а за останатите државни обвинители Советот на јавни обвинители.

Морам да напомнам дека во предложените амандмани има дистинкција помеѓу Врховниот државен обвинител и останатите обвинители во однос на изборот, за разлика од сите претставници на судската власт, но оваа разлика е од причина што не смее да се прави споредување на судската власт со улогата што Обвинителството ја има како орган.

Искуствата на другите земји во Европа покажуваат дека во однос на именувањето, не само на Врховниот државен обвинител туку и на останатите обвинители најголема улога има или Собранието, во изборот или Владата, некаде Министерството за правда или минситерот за правда кои директно имаат право да вршат именвување на јавните обвинители.

Со предложеното решение ние одиме чекор напред во јакнење на независноста на Обвинителството.

Амандманот 31 се однесува на имунитетот на обвинителите и тоа по обем и по содржина исто како имнунитетот на судиите.

Помеѓу Врховниот државен обвинител и останатите обвинители постои разлика во однос на органот што одлучува за одземање на имунитетот. Разликата се состои во тоа што Врховниот државен обвинител, бидејки го именува Собранието, Собранието одлучува и за неговиот имунитет, а за имунитетот на останатите обвинители, одлучува Советот на јавни обвинители.

Со амандманот 32 се уредува составот на Советот на државни обвинители, мандатот, имунитетот, престанокот и разрешувањето од функцијата член на Советот, како и неспоивоста на функцијата.

Новина со овој амандман е проширување на бројот на членовите на Советот и неговиот состав во однос на Законот за јавно обвинителство, кој го пропишува сегашниот состав на Советот на јавни обвинители и во овој состав на овој орган членуваат, партиципираат претставници од законодавната, извршната власт и во најголем дел претставници од самото обвинителство, со што се гарантира нивно влијание во постапката за донесување на одлуки што се од надлежност на самиот Совет на јавни обвинители. Се предвидува да биде член министерот за правда, по функција и државниот јавен обвинител, кој претседава со овој орган и на истоветеч начин со одредени разлики се пропишува и составот на овој орган, исто како и составот на Државниот судски совет.

Имунитетот и престанокот на функцијата член и разрешување е уреден идентично како и членовите на Државниот судски совет. И овде како и кај државниот судски совет како дискутабилно би можело да се постави

прашањето зошто самиот Совет на државни обвинители да одлучува за имунитетот на своите членови. Доколку се смени кај Државниот судски совет за имунитетот на неговите членови да одлучува Собранието, истото решение би се однесувало и на Советот на државни обвинители.

Амандманот 33 се однесува на надлежност на Советот на државни обвинители. Дел од прашањата поврзани со статусот на државните обвинители, како што се именувањето, разрешувањето, одлучувањето за напредување во кариерата, одлучување за дисциплинска одговорност и имунитетот му се доверени на Советот на државни обвинители. За разлика од Државниот судски совет, кој ја следи и оценува работата на судиите, кај државните обвинители оваа надлежност не е кај Советот на државни обвинители, туку кај непосредно повисокиот јавен обвинител, имајќи ги предвид принципите на субординација и хиерархија, специфични за јавнообвинителската функција.

Новина кај Советот за јавни обвинители, исто како и кај Државниот судски совет е тоа што поднесуваат извештај за својата работа до Собранието на Република Македонија.

И на крајот амандманот 34, се однесува на Уставниот суд. Предлогот на овој амандман е прашањата поврзани со работата и надлежноста на Уставниот суд во иднина да бидат регулирани со закон, наместо досегашното решение да се уредуваат со Деловник, бидејќи сметаме дека поради позицијата која ја има Уставниот суд согласно Уставот овие прашања треба да бидат регулирани со закон. Токму затоа, овие уставни измени сметаме дека е добро да ги искористиме и во оваа насока за да можат во иднина да бидат попрецизно одредени и регулирани прашањата кои се однесуваат на Уставниот суд.

Почитувани пратеници, можам да кажам дека навистина со внимание ги следев и сите ваши забелешки и дискусии на комисиите, а истото се однесува и на оваа пленарна седница и затоа сакам да истакнам дека по завршувањето на оваа расправа ќе продолжиме со работа во Министерството за правда, за што и Владата го има својот став дека само на транспарентен начин сите заедно можеме да дојдеме до заеднички решенија, а тоа значи дека по завршувањето на јавната расправа, за што Собранието ќе ја донесе својата одлука и ќе каже во колкав рок треба да заврши јавната расправа, ќе поднесеме до Собранието извештај за сите оние прашања што се истакнати на јавната расправа и сите заедно ќе продолжиме, во натамошната фаза, во фазата на изготвување на Нацрт-амандмани, имајќи ги предвид сите сугестии и забелешки, да дојдеме до решенија кои мислам на крајот дека ќе бидат општо прифатени од сите пратеници во Парламентот.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, госпоѓо Младеновска.

Господин Караџоски, деловнички, повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Почитуваната министерка имаше навистина широко експозе, кое сметам дека е навистина битно за натамошниот тек на расправата.

Ние како пратеничка група, а верувам и сите пратеници, би сакале да го имаме тоа на писмено. Од тие причини, од името на пратеничката група на ВМРО-Народна партија барам еден час пауза, за тоа време да бидат поделени стенограмите.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам еден час пауза и стенографските белешки ќе ви бидат поделени на местото каде што седите вие.

(Пауза од 12,15 до 13,15 часот).

Продолжуваме со седницата.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот 20 на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Господине Томиќ, имате збор, повелете.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе.

Првиот Нацрт-амандман кој е пред нас за разгледување се однесува токму на она што во своето обраќање го кажа и самата минситерка, а тоа е да се направи јасна дистинкција и разлика меѓу она што значи кривично дело и она што значи прекршок. Имено, во нашиот Устав, а така гласи и амандманот, стои дека лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука и ова не стои кај нас, во членот 13 став 1 од постојниот Устав.

Меѓутоа што е она што е поентата на самиот уставен амандман? Амандманот зборува за јазна дистинкција меѓу она што значи што е кривично дело и што е она што се прекршоци. Видно од сите извештаи кои се однесуваат на судската практика е дека судовите во Република Македонија се оптоварени од две нешта, а тоа е извонредно големиот број на прекршоци кои по својата природа се и многу големи и многу обемни, односно многу непродуктивни во смисла на ефикасност при нивното одлучување, посебно при нивното извршување и втората фаза е извршувањето.

Овој состав на Собранието во месец мај го донесе Законот за извршување, кој ќе се применува од мај 2006 година и извршните предмети ќе бидат надвор од судовите. Меѓутоа, останува она што е спорно, а што исто така ги оптоварува судовите, а тоа се прекршоците. Имено, постои огромен број прекршоци за кои постои можност навистина да ги решаваат одредени други државни органи или носители на јавни функции и овластувања. Иако Законот за судовите беше донесен кај нас 1995 година, се обидовме во еден дел да ги префрлиме на решавање кај другите органи, со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија О. бр.313/95 од 1996 година беше укината одредбата од Законот за судовите која даваше можност за определени видови прекршоци да решаваат други

видови органи и тоа царински, девизни, надворешно трговски и даночни.

Поради сето ова навистина постои потреба од промена на Уставот токму во овој дел и не би кажал ништо повеќе, само би кажал дека овој амандман е сосема во ред. Мислам дека на тој начин и судовите на одреден начин ќе се ослободат од вишокот на предмети кои ги прават неажурни, а од друга страна ќе има значително поефикасни постапки токму во делот на прекршоците, на кои се однесува и ставот 2 на амандманот 20.

Во целина го прифаќам предложениот Нацрт на амандман.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска, повелете имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Ја започнуваме расправата со амандманот 20, во кој се прави дистинкција меѓу лицето обвинето за кривично дело, ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

И ставот 2 дека лицето обвинето за прекшок ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука, односно во случаи определени со закон и со одлука на управен орган или организација или други институции што вршат јавни овластувања.

Сегашната состојба во судовите, како што напомна и министерот, е дека тие се пренатрупани со сообраќајни прекршоци, царински прекршоци, прекршоци од надворешно-трговското работење, даночни прекршоци и тн. или со еден заеднички именител кажано административни прекршоци.

Со овој амандман се бара или се предлага да се делегира судската надлежност во делот на прекршоците, од судовите истата да се префрли на управните органи, меѓутоа, во еден дел тука сум скептик. Иако го поддржувам амандманот, меѓутоа, да се разбереме, се работи за Нацрт-амандман кој до финалната верзија може да претрпи и соодветни измени. Генералната политика треба да остане иста, судовите да се растоварат од прекршоците и со тоа потполно се согласувам. Меѓутоа прашање е или скептик сум во делот, и кога ќе се префрлат прекршоците во управните органи или управни организации и други организации кои вршат јавни овластувања, поточно кажано јавната администрација, останува дилемата дали тие знаат и дали тие можат, дали се подготвени да ги решаваат правилно предметите кои ќе им дојдат. Се работи за првостепеност на постапката, право на жалба, двостепеност на постапката и на крајот управните спорови, затоа што согласно Уставот на секој поединечен акт од државната управа имаат право граѓаните на судска заштита. Да не се доведеме во состојба, со растоварувањето на прекршоците во управните органи, да ги зголемиме индиректно, во делот на судската заштита, пак да им ги вратиме прекшоците на судовите. Во тој контекст, мора да се размислува во таков случај или каков заштитен механизам ќе се направи со Нацрт-амандманот 20, што би го поставило прашањето дали и каков воопшто ќе биде ефектот од ваква предложена измена на Уставот, ако не ја направиме постапката уредена со закон, содветно да биде решена, затоа што знаеме дека царинска постапка и сега постои во Царинската управа, постојат и други видови на постапки кои ги водат органите, Царинската управа, Управата за јавни приходи за даночни прекршоци. Ќе повторам, да не се доведеме во ситуација повторно топката да ја префлиме на судовите кога ќе дојде ред да се бара судска заштита. Јас не велам дека органите не се стручни. Во претходниот систем имаше таква организација на управната постапка, каде што се одлучуваше во управните оргнаи, па го сменивме тоа, па ги префрливме на судовите, па и таму видовме дека бројот на прекршоците останува голем и се зголемува секоја година. Сега ние ретерираме во ставот и ги враќаме назад, меѓутоа, квалитетното одлучување, водењето на постапката - ние го донесовме Законот за општоуправна постапка, меѓутоа, овој амандман мора да се гледа во контекст со наредниот амандман, разумен рок, непристрасно судење како пред судските органи така и пред управните органи. Ако сакаме да се постигне ефектот кој се бара со овој амандман, мора да се обезбеди правилна управна постапка. Во тој дел сум скептик, почитуван министер во квалитетот на кадрите кои ќе ја спроведуваат постапката и начинот на постапката. Инаку, го поддржувам амандманот во тој дел, меѓутоа, да се размисли како овие аномалии и скепси кои јас ги кажав би биле елиминирани за да немаме после проблеми и повторно враќање на прекршоците во судовите.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател, почитувана госпоѓо министер.

Јас сакам да го кажам моето мислење во однос на овој амандман со кој што се заменува став 1 од член 13 од Уставот на Република Македонија во кој се предвидува лицето обвинето за казниво дело ќе се смета невин, додека неговата вина не се утврди со правосилна судска одлука. Од оваа формулација предвидена во Уставот, евидентно е дека не се прави разлика меѓу казнените дела според степенот на опасност. Второ, се предвидува дека вината за определени казнени дела неопходно е да се утврдува со правосилна судска одлука. Преку овој предлог, преку овој амандман со кој, како што кажав и претходно, се бара да се заменува став 1 од член 13. Се посакува да се остави еден уставен простор за определени казнени дела со помал степен на опасност, како што се определени прекршоци, покрај судските органи да може да одлучуваат и други надлежни органи, управни органи, како и други институции со определени јавни овластувања предвидени со Законот. Добро е што

се прави обид преку овој амандман да се направи оваа разлика или оваа дистинкција меѓу одредени казниви дела, како што се кривичните дела и нормално прекршоците, за кои што покрај судовите ќе може со определени одлуки да одлучуваат и други органи и институции, со што лично мислам дека ќе се влијае врз порастот на ефикасноста и ажурноста на судските органи.

Лично го поддржувам овој амандман и нормално ќе гласам за овој амандман, иако од аспект на текстот кој што е предложен, можеби ќе беше добро да се изнајде друго решение за да не се повторуваат неколку зборови кои што се повторуваат во ставот 1 и 2. Мислам, можеби во иднина и во јавната расправа ќе се дадат сугестии и ќе биде добро, уште еднаш ќе повторам, овие два става да се реформулираат и да се состави само една алинеја, елиминирајќи ги зборовите кои што се повторуваат, како што е предвидено во овие два става во овој амандман. Повторувам дека ќе го подржам овој амандман и ќе гласам за.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Јашари.

Повелете господине Манев имате збор.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе.

Би сакал и јас да дадам мал придонес по амандманот 20 предложен за измени на Уставот кој се однесува на членот 13 од Уставот, став 1. Сепак, од дадениот предлог и од претходните дискутанти јас би имал малку поинакво мислење и сметам дека ќе биде многу тешко да се утврдува вина надвор од судска постапка односно да се утврдува вината во управна постапка или преку органите на Управата. Неспорен факт е дека прекршоците прават голем балас во работата на судството, но сето тоа е причина што има недоволно законски решенија, а кои што можат да се постигнат и таквиот балас не би бил во судството.

По однос на тоа, би сакал да укажам само на неколку работи што можат да се направат и тогаш ќе бидат непотребни самите измени на Уставот во овој дел. Кога би се направила една анализа на прекршоците во Република Македонија, скоро над 60% се застапени прекршоците од сообраќајот. Сите тие прекршоци органите за внатрешни работи ги праќаат на решавање во судовите. А, од 60% на прекршоци сметам дека не се спорни 90%. Сторителите на таквите прекршоци ги признаваат пред судовите и сето тоа само оди преку судот да ја утврди казната, а која казна е во доволна мера пропишана во самиот Закон за безбедноста во сообраќајот. Таквото нешто оди само на пишување, непотребно пишување во судовите. Па, ако ние сакаме голем дел од прекршоците да ги оставиме да си ги решаваат органите на Управата, тоа е да се доставуваат од страна на органите на Управата веднаш со решение, во кое решение нема да биде обжалено, оспорено тоа би било решено на таков начин. Инаку, секое оспорено решение од страна на сторителот на некој прекршок, мислам дека исклучиво надлежен треба да биде судот, единствен орган, самостоен, независен кој утврдувал вина и во една судска процедура, постапка, каде што доаѓа во можност и одбраната на самиот окривен да предлага докази, да се изведуваат во негово присуство односно еден ваков начин ќе се запази начелото на контрадикторноста, која што е неопходна во пресудувањето, да се чуе и спротивната страна како се брани и со кои докази. Инаку, доколку би одело во управна постапка никогаш не може таа постапка да се изведува онака како што ја изведува и постапката во судот. Сметам дека ќе направиме голема грешка ако ние се вратиме пак назад пред 1991 или 1992 година, кога прекршоците ги ставивме односно порано беа во посебен орган суд за прекршоци, а понапред беше мешан управен и судски орган. Затоа, ние не треба да се плашиме од тоа што има голема бројка, дали ќе ја решава судот или ќе ја решава некој друг таквата бројка некој мора да ја решава. Основно е ние да најдеме ефикасен начин на решавање. Во тој дел предлагам, предлагачот Владата и Министерството за правда повеќе да размисли во тој дел, прекршоци. Прекршоци кои нема да бидат спорни, бидејќи на секој граѓанин веднаш ќе му доставуваат бланко решение за одредена казна, која што е пропишана за прекршоците, многу стриктно е опшана, не е како во судството каде што има некои големи рамки и му ја одреди онаа казна која што ја предвидел тој орган, доколку ја оспори граѓанинот дека не е тоа вистина, не е точно и тоа веднаш да оди на суд. Затоа, амандманот 2 може да го преправи предлагачот да се утврдува вина и од страна на други органи, единствено ако биде прифатена таквата вина од сторителот на прекршокот. Доколку, не биде прифатена сметам дека ќе биде голема грешка ако дозволиме жалби да одат на второстепен управен орган, министерствата и да се оди за одредени прекршоци каде што е допуштено и ако се допушти да оди до Врховен суд за управни спорови. Сметам дека се што е спорно треба да го решава судот. Доколку не е спорен прекршокот , го признава граѓанинот, сторителот, тогаш ќе си остане по утврдена вина од страна на таков орган. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници, претставници на Владата .

Значи ова е првиот амандман од вкупно 14 кои што ни се нудат во текстот на Нацртот на измените на уставните амандмани и можеби овој амандман иако е прв, можеби е еден од побитните и позначајните во целиот овој пакет на амандмани, од проста причина што ако се поведеме од она што имавме прилика во првата фаза кога дискутиравме и разговаравме во насока на тоа дали треба да пристапиме кон измени на Уставот, ни беше доставен материјал во кој што се објаснуваше кои се насоките и каде би требало да се дејствува, како и стратегијата на Владата која е усвоена и која е како документ пропратена до пратениците. Или ако ссе поведиме од оние

причини поради кои што покренуваме односно зошто воопшто правиме измени во Уставот со овие уставни амандмани, значи кои се тие причини поради кои што треба да се прават реформи во судството. Јасно и прецизно е кажано, а таа потреба не е спорна , дека два сегменти се битни кога станува збор за овие реформи.

Првата е треба да дојдеме до што понезависно судство, работа за која што сите овие години наназад сите пратеници, сите пратенички групи, сите партии дискутираме на глас дека тоа судство такво какво што е во рамките на третата власт ја нема онаа независност која што треба да ја има. Од тие причини треба да пристапиме кон реформи. Тоа е онаа првата и можеби најбитната.

Втората е кога се зборува за економичност, рационалност или ефикасност на работата на самите судови. Главните забелешки што поризлегуваат, што од нас како претставници на народот, како пратеници, но и што од меѓународните фактори јасно и гласно ќе слушнете дека судовите се оптоварени, премногу се предмети и човек и да сака не може да втаса да ги сработи сите оние кои што стојат таму во бироата или стојат како заведени предмети. Добро се сеќавам дека во првата фаза кога дискутиравме имаше дури и статистич!ки податоци колку се предмети, особено во делот на прекршоците стојат нерешени или застарени или предмети кои воопшто не можат да бидат ни насрочени. Имајќи го предвид бројот на предметите, имајќи го предвид бројот на судиите кои работат и имајќи го предвид бројот на судовите, кои според закон ги имаме. Ако согласно таквата фактичка состојба треба да ги направиме судовите во биро за поплаки или иницијативи кои што ќе седат таму само на биро или дури оние кои што ќе бидат решени, а кои што не можат да бидат извршени и имаме огромен дел во рамките на прекршочната постапка, доаѓаме до констатација дека нас судството ни е неажурно, најмногу заради тоа што огромен дел, да не речам 50%, од прекршочните предмети остануваат нерешени, за некои непокренати, за некои воопшто непроцесуирани, а некои пак решени но неизвршени. Сите овие години сите тоа го знаевме, најдобро го знаат судиите кои работат со таа материја, и оние другите кои што не работат и јасно ни беше дека нешто во тој сегмент треба да се преземе.

За да се преземе, почитувани колеги, јасна е потребата и јасна е аргументацијата дека прва основа и прв основ треба да имаме во рамките на Уставот. Ако тргнеме од презункцијата на невиност, односно кој се може да се смета за виновен, според досегашната одредба на Уставот, поточно членот 13 ставот 1, каде што се зборува дека лицето може да биде обвинето само со правосилна судска одлука, оттука јасно произлегуваше дека никој друг освен судот нема право никого да осуди и никого да прогласи за виновен, па дури и во рамките на прекршочната постапка. И сето тоа го наметна она што претходно го кажав, се слеаја река предмети во рамките на судството и, од година во година, со оглед во какво време и какви услови живееме, судовите стануваат пренатрупани, и тоа покрај порастот на сите дела, граѓански и кривични, најмногу имаше прекршочни.

Со она што сега ни се нуди во Амандманот 20 е јасно дека предлагачот прави обид, во рамките на она што како прва фаза овде буквално едногласно го усвоивме, на некој начин, судската работа или работата во судовите да биде растоварена, да се направи нешто со кое би ги направиле судовите поефикасни во својата работа. Кој правец да го избереме? Дискутиравме и тогаш, сега имаме едно конкретно решение, имавме дилеми и тогаш, имаме дилеми и сега.

Првата дилема, дали треба да ги раграничиме кривичните од прекршочните дела во рамките на судската власт, поточно дали за кривичните дела треба да остане да судат судовите онакви какви што се согласно Законот за судовите, и да воведеме, повторно со закон, специјализирани судови во рамките на судовите за прекршоци, за да ја задоволиме одредбата од Уставот и на тој начин да ги растовриме едни од руги за да можат да бидат поефикасни. Значи, да тргнеме од таа дилема, и едната и другата работа повторно е во рамките на судската власт и повторно значи оптоварување на работата на судовите. Дали некој суд ќе носи име суд за прекршоци или суд за кривични дела или не знам какво друго име, тоа е сето судска власт, тоа сето вкупно значи предмети, тоа сето значи преголеме и преобемна работа и тоа сето значи заедно неажурност. Со тоа ништо нема да направиме. Исто така, ако земеме предвид дека таквите судови, судовите за прекршоци не се некоја нова измислица. Република Македонија имала такви судови и тогаш веднаш ќе се отвори прашањето, кога веќе имавме судови за прекршоци, што не тераше и што ни беше потребно да ги укинеме, да донесеме закон за судови, како што е сега, во кој повеќе немаме специјализирани судови. Значи веќе немаме суд за прекршоци, немаме суд за работни односи, немаме стопански судови, туку сите се во рамките на една единствена судска власт во рамките на редовните судови поделени на основни, апелациони и Врховен суд. Ако веќе еднаш кога сме го донеле тој закон сме се декларирале дека специјализирани судови не ни се потребни, затоа што сите другите можат да ја работат работата, тогаш е нелогично повторно да се враќаме на нешто за кое што еднаш веќе оценивме дека не треба да биде. Тоа е едната работа.

Втората работа, ако се тргне повторно по таа линија на специјализирани судови, во многу аргументации, во многу натписи кои што имав прилика да ги читам од разни експерти, од разни лица кои што се занимаваат со оваа професија, гледма дека најголемиот дел го застапуваат во идејата , сепак, сите овие надлежности да останат во рамките на судот преку специјализирани судови или прекршоците да останат во рамките на

судовите за прекршоци, со тоа што се заговара тие одделенија да се оделат со посебен кадар, со посебна администрација итн. Сето тоа само ќе направи оптоварување на буџетот , сето тоа само ќе направи некакво разграничување административно, но сепак , останува во рамките на судската власт и истите проблеми понатаму ќе останат. Да не заборавиме, прекршоците можеме да ги категоризираме на поголеми, помали итн, и ако веќе постојат такви, логички е со една одредба која што може да даде право и некој друг, освен судските органи барем за оној дел каде што прекршоците или делата се полесни и каде што може да се изрече поефикасна мерка која и судот ќе ја изрече, но која што ќе биде поефикасна и која што ќе ибде извршлива. И, сега, ако сакаме реформа и да дојдеме до поефикасно судство, мора да го растовариме. Јас и во првата фаза кога се зборуваше за потребата го кажав истото и сега кога ни се нуди текстот, ќе го кажам истото. Мислам дека амандманот 20 кој што предвидува разграничување помеѓу казниви дела и кој што предвидува во став 2 разграничување помеѓу обвинет за прекршок и обвините за кривично дело, со тоа што се дава можност кај обвинетиот за прекршок, покрај неговата вина да се утврди со правосилна судска одлука, таа да може да се утврди во случаи определени со закон и со одлука на управен орган, организација или некоја друга институција.

Мислам дека одредбата држи место со оние забелешки кои што сме ги искажале и во комисиите, а ќе ги искажеме и сега.

Една од тие забелешки е, кажа колегата Ефтим Манев, не би сакал да ја повторувам, само би сакал да ја нагласам дека треб да се води сметка како да се разграничи двостепеноста по управните постапки, затоа што самото решавање на овие управни органи, подразбира управна постапка. Што значи, решение и жалба по него. Решението ќе го носи тој орган, а по жалбата ќе постапува некој втростепен, кој најверојатно ќе биде комисија при Владата, или некој друг орган. Но, и во двата случаја во најголем дел, сите тие завршуваат со управен спор, или постапка пред Врховен суд. Тука мораме да најдеме начин, да не ни се случи и покрај една ваква уставна одредба, да ни се случи повторно да ги претрупаме судовите со работа, но не сега основните, туку да ни се случи за целата таа материја од областа, за која што сега сакаме да се ослободиме, да се префрли во Врховниот суд.

Имаше интересно размислување и мислам добро размислување од колешкта Цветанка Иванова, која што во Законодавно-правната комисија искажа токму ова што јас сега сакам да го кажам и не би сакал да го повторувам, што го има во извештајот од Законодавно-правната комисија, за кое што сметам дека навистина држи место. Мислам дека и Владата тоа ќе го земе предвид. Значи се сума сумарум, ако сумираме и ако сме за реформи и ако сме пред се, да не направиме ефикасно судство, кое е неизбежно од многу причини, кои што не би сакал да ги повторувам, кои што беа кажани во првата фаза, ние судовите мора да ги растовариме. Она што може да го реши некој друг орган за дела кои што навистина се полесни, каде што вината неспорно се утврдува и во таквите органи, на тоа треба да му дадеме простор и можност, нормално, со една ваква уставна одредба. Затоа што ако нема простор во Уставот, не можете да донесете и закон.

Само би апелирал значи до Владата, или до Министерството за правда кој што е главниот крекатор на овие измени, со оглед на тоа што е нивен ресор, при нормално изготвување на законите, согласно амандман да се води сметка да се направи една јасна дистинкција помеѓу тоа што е тежок прекршок, кои прекршоци ќе останат во надлежност на судовите, кои полесни или незнам какви прекршоци ќе припаднат на кој орган и при една чиста состојба мислам дека нема да има злоупотреби и дека се ќе дојде на свое место.

На крајот на краиштата, мора да посочам дека и сите меѓународни фактори, оние институции на кои што сум присуствувал и кои што по некоја иницијатива на крајот на краиштата ги прифативме со една ваква реформа го залагаат, односно го држат овој став, дека токму на овој начин треба да направиме реформи во судството, што се однесува до ефикасноста.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам, господине Апостоловски,повелете.

**Никола Апостоловски:** Благодарам.

Почитуван, претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, веќе доста се кажа за амандманот 20 и јас ќе кажам конкретно за самиот тект на амандманот.

Во самиот амандман во точка 1 таму е заменето казнено дело со кривично дело. Тоа е квалитетна замена, веќе е зборувано на таа тема и не би сакал да се повторувам.

Во точка 2, исто така беше кажано дека со предложениот амандман се создаваат можности, покрај судовите, односно после прекршоците освен судовите, да одлучуваат и други надлежни органи, односно органи на државната управа и институции со јавно овластување утврденисо законот, односно таканаречени административни судови. Со тоа би се оптеретиле судовите, но морам да потенцирам дека дел од прекршоците сепак ќе останат во судовите, значи судовите за прекршоци како институција ќе постојат. Сметам дека предлагачот треба да размисли и да им најде место на специјализираните судови, на пример, дел од управните спорови да ги решават овие судови, или актуелен суд би бил, суд за организиран криминал, со тоа што сметам дека судиите не само што ќе бидат специјализирани за одредена област, ќе можат поефикасно да делуваат во оваа област, а една од столбовите на реформите на правосудството беше токму ефикасноста на самите судови.

Ние како пратеничка група ќе го поддржиме овој амандман 20. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, госпоѓо Бонева имате збор.

Повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, би сакала да го кажам и мојот став, кој што воедно е став и на партијата ВМРО-ДПМНЕ по однос на амандманот 20.Ние сме убедени дека оптоварувањето на судството со прекршоците не е последица на уставното решение, туку на законот за прекршоци, кој што наметна несватливо компмлицирана прекршочна постапка. Поедноставувањето на постапката го решава проблемот со прекршоците. Препораката 18 од 1987 година од Комитетот на министрите на Советот на Европа дава извонреден репертоар на поедноставување на прекршочните постапки и на таа основа треба да се бара решението.

Сметаме дека прифаќањето на измената на членот 13 од Уставот со амандманот 20, нема да обезбеди можност дел од прекршоците да се пренесат во надлежност на други надлежни органи, утврдени со закон. Бидејќи во прекршочната постапка за сторениот прекршок може да се изрече казна затвор, а заради водење на постапката и мерка притвор. Казна затвор и притвор не може да биде изречена од ниеден друг надлежен орган, освен од судот. Доверувањето на прекршочната постапка на друг надлежен орган, значи доверување на таа постапка на органи на државната управа. Тоа значи дека одлуката на органот на државната управа е управен акт, против кој што може да се појави и жалба. Овде се поставува прашањето за инстанционата надлежност за одлука по жалба во моментот, доколку поединец кој што го казнила царината, доколку му биде изречена казна од страна на царината, тој има можност да се жали до второстетпениот орган, а тоа е Комисијата за жалби при Владата. Дали така ќе биде и натаму, тоа ќе се види, меѓутоа, сметаме дека ќе се дотовари државната администрација и повторно ќе се вратат предметите во судот. Бидејќи Уставот на гарантира судската заштита на законитоста на поединечните акти, дури и на државната управа, тоа е членот 50 став 2 од Уставот, што значи дека сите правосилни одлуки, кои што се донесени во прекршочната постапка од органите на државната управа, повторно ќе дојдат во судот како управни спорови. Значи во Врховниот суд на Република Македонија и се чини со предлогот односно со амандманот 20, предлагачот тоа го немал предвид, бидејќи повторно судот е тој што ќе решава по овие предмети.

Се поставува уште едно принципиелно прашање кон предлогот за пренесување на постапката по прекршоци на органите на државната управа, дали е во принцип допуштено органот што е надлежен за откривање и прогон на сторителот на прекршокот, тоа е царински и девизен даночен и друг орган да биде овластен да одлучува за вина на сторителот и за изрекување на санкција.

Сметаме дека треба многу посериозно да се размисли за овој амандман, да се земаат предвид сугестиите од повеќе колеги пратеници и од пратенички групи и мислиме дека многу подобро ќе се реши проблемот со прекршоците, доколку се размислува да се поедностави постапката, отколку да правиме измени на Уставот во тој дел.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Чашуле имате збор.

Повелете.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине претседател,

Како што можеше да се види од самата расправа по комисиите, каде што навистина, се изврши една сеопфатна размена на мислења, така и од почетокот на расправата, за нас е недвојбена потребата на граѓаните на Република Македонија како законодавци, да му дадеме судска власт примерена на новите општествени односи.

Што значи, ни треба од корен ревидирање на би рекол, филозовската постановка на судството во државата. Од бранители, преторијанци, гарга на идејата, на партијата, поредокот, до заштитници на правата на граѓание пред државата, државата да биде поместена како странка и да се изведе имотот, здравјето и животот на граѓанинот како примарна цел на владеењето на правото. Значи, како законодавци ние треба на нашите судии да им дадеме инструменти за право.

Овие амандмани се почеток, обид, да пристапиме кон таа темелна работа. За мене, овој труд што сега ќе го извршиме е од историско значење,би рекол револуционерен, бидејќи менуваме не само поредок, туку треба да го смениме и менталитетот.

Оттаму, треба да ни биде јасно дека ние денеска само утврдуваме нацрт на амандмани кои треба да појдат во јавноста и да се вратат назад во овој законодавен дом и врз основа на целокупната размисла на нашето општество и на сите интереси што се вкрстуваат во него, ние како законодавци да изведеме измени на Уставот кои ќе треба да бидат функционални подолго време.

Оттаму, за нас е многу јасна потребата да се поддржи оваа фаза, овие нацрт амандмани да појдат во јавноста, а ние сега веќе да ја почнеме расправата околу нивното доусовршување. Ние доаѓаме сега до првиот амандман и се јавувам за збор, заради тоа што ние сме убедени дека на Република Македонија и требаат ефикасни судови, но и треба исто така, и тука Уставотворецот во времето кога е создаван Уставот на преод од еден до друг поредок, не водел сметка за финесите. Нам ни треба разграничување, но и натаму како дејност во судот на кривично дело и прекршок. Ако со натамошната разработка и врз основа на дебата, стручната јавност ни даде решенија, и ние имаме

неколку во главата и во фазата на јавната расправа ќе ги кажеме. Ние треба да одбегнеме една опасна сива зона, која сега кога ја усовршуваме демократијата наликува на поредок каде што не е на власт правото.

Имено, определуваме судска функција на органи на управа. И во овој амандман и во наредниот ќе се види дека ние се обидуваме, растоварувајќи ги судиите и давајќи им на граѓаните еднаква заштита пред судот, значи со правовремено судење, намерно ги спојувам овие два дискона, тесно поврзани, кога ќе ги погледнете заедно, ќе ги видите нашите дилеми. Елементарна поставка на владеењето на правото е граѓаните да бидат еднакви пред судот. И главен арбитар да биде судот, а не органот на управа. Точно е дека треба прекршокот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Чашуле има уште една минута до пауза.

**Слободан Чашуле:** Да не ме прекиневте и ќе завршев. Ако е помала надлежност да го оптоварува судот, но има држави и правни поредоци каде што тоа разграничување се прави во Уставниот амандман и потоа со законот за судовите се расчистува и се определува која порота на кое ниво ги гледа кривичните дела и како прекршочните се решаваат во одредени демократии, кон чии што поредок и квалитет се стремиме ние. Постојат таканаречените 24 часовни ноќни судови, каде што по експресна постапка, но секогаш чувајќи ја основната премиса на демократијата, заштита на граѓанинот, сепак, судија, а не цариник, полицаец, инспектор да решава за вината, или за степенот на оваа помала казна, која како некогаш може да биде и затворска. Ќе се определи. За сега благодарам, толку.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам, давам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седница продолжи со работа во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Петковски имате збор.

**Тито Петковски:** Сакам неколку сугестии на предалгачот, на Владата на Република Македонија, во врска со овој амандман.

Мислам дека од номотехнички аспект многу подобро е да се интервенира само во ставот 1 во член 13 односно наместо "казниво" да стои "кривично дело", а денес се повторува амандман на целиот став.

Мислам дека на ставот 2 не му е место во член 13 затоа што не кореспондира многу со ставот 3, исто како мислење за предалгачот, во натамошната постапка околу утврдувањето на амандманите. Како што, исто така, сметам дека ставот 3 е законска материја и треба да биде предмет на судовите, а не на Уставот и да биде дел од уставните амандмани.

Како последно, мислам дека е добро во оваа фаза да се размисли за враќање на специјализираните судови, како и оној за прекршоците. Во многу земји, оние каде што имав можност да видам и да ги консултирам, многу поефикасна е постапката, отколку да се оптоваруваат судовите со ваков вид на материја.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Оровчанец имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Овој амандман, сепак, можам да сватам и од дискусиите и она што можев да го увидам лично, бара одредени дилеми кои сакам да ги потенцирам, со оглед на фактот што на решенијата кои треба да се донесат односно да произлезат после јавната расправа, сепак треба да донесат некои подобрувања во оваа сфера на дејствување.

Првата дилема беше назначена во смисла на специјализираните судови кои треба да постојат за прекршоците. Ако ние во овој период на самостојна држава стегнавме до една ситуација да кажеме дека такви судови не ми требаат, со многу образложенија кои ги имавме во тој период, многу тешко ќе стигнеме во една фаза, повторно да го затворимекругот и да сигнеме до ситуација, повторно да формираме судови за прекршоци, или судовите ќе ја регулираат правната материја во тој дел. Меѓутоа, дилемата се наметнува со овие уставни амандмани, во смисла на тоа колку ние како општество сме подготвени овие амандмани да ги примениме на прав начин, затоа што знаеме дека во овој момент надлежностите во прекршочната постапка кои се отстапуваат на организациите или пак управни тела, во фаза кога сме и како општество критикувани и од меѓународните организации односно Меѓународната заедница, за корумпираност, на кој начин тоа ќе биде и реализирано, посебно во тој дел што во овој сегмент тие лица кои би требало на некој начин да ја извршуваат оваа судска функција, не се доволно стручни, непрофесионални и во таа смисла би можеле да направат големи пробелми.

Трета работа што сакам да ја нагласам, тоа е, во овие услови на пример дали може некој на преминот кај Блаце или на другите премини, од царинската служба да биде овластена за прекршочни престапи, а истовремено тој овој момент е на пример под директно влијание на еден човек со потерница, Агим Красниќи, кој на пример може и по телефон да му нареди дали овој да се пушти или не. Дилемите стануваат очигледно јасни и во тој поглед би требало навистина да се направи една јасна дистинкција на она што е кривична постапка, она што е прекршочна и начино ткако таа прекршочна постапка да биде регулирана, затоа што на крај можеме да дојдеме до ситуација, штонародот би текол - "Кадија те тужи , Кадија те суди", односно во една иста линија која и политички е обременета да имате една ситуација да бидете подложни на санкционирање од Управата на која и понатаму би требало во второстепена некоја надлежност, повторно да се жалите. Во услови на корумпираност, на политичка обременетост, едно вакво решение може да носи многу замки. Сето

тоа го наметнувам како размислување, со цел да се најде решение кое сепак на некој начин ќе ги елиминира овие сомневања кои на мене ми се наметнуваат.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот 20, на Уставот на Република Македонија.

Ги молам сите пратеници кои се во зградата да дојдат во салата бидејќи треба да пристапиме кон гласање.

Текстот на Нацртот на амандманот 20 на Уставот на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 66 гласале за, 3 воздржани, 2 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 20, на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот 21,од Уставот на Република Македонија.

Молам кој бара збор?

Господине Петковски повелете.

**Тито Петковски:** Господине претседателе, мислам дека не е прецизно лоциран.

Од дикцијата на амандманот не може точно да се види каде е лоциран амандманот. Ако се мисли на членот 50 или пред член 53 каде стои гаранции на основните слободи и права, предлагам да се прифати уставната формулација, не како што стои во амандманот.

Второ, во член 102 од Уставот стои дека расправата пред судовите и изрекувањето на пресудата се јавни. Според тоа предлагам или во овој амандман да се избрише зборот "јавно судење", или во член 102, во првиот став да се избрише тоа дека изрекувањето на пресудите се јавни.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Што се однесува до прашањето за судење во разумен рок, Уставот на Република Македонија е посовремен и од Меѓународниот Пакт за граѓански политички права и Европската конвенција за човековите права и слободи.

Со нашиот Устав е утврдено правото на човекот и обврска на судот во исто време, во постапката за заштита на слободите и правата судот да псотапува врз начелата на приоритетност и итност. Тоа е, како што кажа и претходниот колега, член 50 став 1 од Уставот на Република Македонија кој гласи "секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот, пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија, во псотапка заснована врз начелата на приоритетност и итност. Значи начелото на приоритет и итност, всушност со амандманот 21, се предлага да се заменат со начелото за одлучување во разумен рок. Може слободно да се коснтатира дека се работи воопшто за непотребна супституција на термините. Тоа е затоа што начелото за приоритет и итност во работата на судовите е значително попрецизно, посовремено и на појасен и пооблигаторен начин ја наметнува обврската на судот за заштита на правата и слободите на граѓаните во најкраток можен рок, во споредба со предложеното начело за одлучување во разумен рок. Од тие рпичини предлагаме овој амандман да не се прифати или едноставно да се брише.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Јашари имате збор.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседателе. Ова е еден амандман со кој се дополнува Уставот на Република Македонија, во однос на правата и слободите на граѓанинот и со кој се сака да се решат три прашања. Најнапред се гледа правото за секое лице за правично и јавно судење. Понатаму се предвидува судскиот процес да заврши како што е предвидено, во разумен рок и трето, се предвидува судските постапки или управните судови да бидат независни. Но и покрај тоа , во однос на текстот, јас реков и на седницата на една од комисиите, се согласувам дека поимот разумен рок се употребува во литературата и во неколку конвенции, но и покрај тоа треба да имаме предвид еден друг факт а тоа е дека станува збор за Устав, како највисок акт на државата и за мене би било добро овој поим со субјективен карактер, до колку има можност, да се прецизира.

Второ, и во амандманот 20, но и во овој амандман се употребува еден друг поим, поимот организација, што според мене е поим кој му припаѓа на минатото и би било добро овој поим да се замени со еден соодветен поим.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Јашари.

Повелете госпоѓо Иванова имате збор.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи Нацрт амандманот 21 на Уставот на Република Македонија и она што како дилема јас лично го истакнав на една од комисиите, треба да се води сметка во кој дел од граѓанските и политичките слободи и права на Уставот, ќе биде ставен овој амандман.

Меѓутоа, она што јас сакам посебно по овој амандман да го кажам моето мислење е следното.

Овој Нацрт амандман се поденсува заради ефикасно остварување на правата на граѓаните во судските постапки и со член 15 се гарантира двостепеност во постапките,како пред судовите, така и пред органите на управата. Меѓутоа за ефикасно остварување на правата на граѓаните, покрај судска исто така треба д аимаме и ефикасна управна постапка, бидејќи со членот 15

од Уставот на Република Македонија се гарантира двостепеност и во управните псотапки.

Од она што во пракса го имаме во моментот, особено бавното решавање, немање на сите капацитети, како во прв степен на органите и во втор степен.Исто така она што како Собрание ни се случи да формриаме второстепени комисии во управна постапка, како што е по Законот за конкуренција, Законот за енергетика, укажува дека вака како што ни е уредено ова прашање, не можеме на граѓаните да им гарантираме ефикасно остварување на нивните права во управна псотапка.

Мое размислување кое исто така беше искажано на Законодавно-правната комисија е дека при изготвувањето на Предлогот на амандманите, потребно би било предлагачот да подразмисли за предалгање на еден нов амандман со кој практично ќе се измени и членот 15 од Уставот на Република Македонија, со кој ќе се предвиди уставно начело на двостепеност во судските постапки, но двостепеноста во управните постапки, да дозволи Уставот да создаде основ да биде регулирано со закон.

Секако, јас не сум за укинување на двостепеноста на управните постапки, но да се остави можност за ефикасно остварување на правата на граѓаните и во овој дел односно во управните постапки, затоа што не се така мали.

Конкретно би предложила, формулацијата на членот 15 да биде "се гарантира правото на жалба против поединечните правни акти, донесени во постапката во прв степен пред суд" тоа е став 1 и став 2 "правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапката во прв степен пред управен орган, организации или други институции што вршат јавни овластувања, се уредува со закон". Секако дека во оваа смисла предлагачот треба да подразмисли и околу решавањето на прашањето за надлежноста по управните спорови и во таа смисла секако, сметам дека управните спорови не би требало сите да бидат во надлежност од втор степен пред Врховен суд.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Апостолов имате збор.

**Петар Апостолов**: Благодарам претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници, се работи за амандман 21 односно секој има право на правично и јавно судење и одлучување во разумен рок.

Разумниот рок, за мене, е многу важен термин и затоа посебно му давам значење на овој амандман, посебно кога се однесува за граѓанинот, затоа што тој не е многу заинтересиран на кој начин се избираат судии во државниот судски совет, државни обвинители, туку го интересира само делото што побргу да се заврши односно да се реши во судот.

Разумен рок значи факторот време кое мора да биде еден од објективните критериуми за ценење на ефикасното работење на самиот судија. Уште при самото конкурирање на судија, мора секој кандидат да го има на ум овој амандман, бидејќи со тоа практично ќе се мери неговата ефикасност во работењето како еден од условите да биде избран за судија со траен мандат.

Значи, ако сака да остане судија, мора да суди во разумен рок.

Малку повеќе ќе се задржам на овој разумен рок кога ќе стане збор за амандман 16, пратениците од ЛДП го поддржуваат овој амандман 21. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе, јас ќе бидам многу краток, интенцијата на овој амандман е многу јасна, треба да се стави уставна рамка за одреден рок во кој треба да завршуваат судските постапки односно одлучувањето по постапките за кои се води.

Дали треба да се користи терминот разумен рок укажано е, не би сакал да ги повторувам колегите, најголем дел од дискусијата дадоа колегите, но во секој случај дека треба да постои одреден рок со кој ќе биде како устана категорија и со кој ќе се задолжат во законската регулатива, но и на оние кои треба да спроведуваат за да имаме поголема ефикасност во судењето. Мислам дека треба да опстои еден ваков амандман.

Од тие причини за нас е прифатлив амандманот со тоа што категоријата разумен рок би било подобро да се прецизира на што конкретно се мисли. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот 21 на Уставот на Република Македонија.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Текстот на Нацртот на амандманот 21 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника, 69 гласале за, 1 воздржан, 2 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот 21 на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Нацртот на амандманот 22 на Уставот на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине претседател, почитувана госпоѓо министер, почитувани колеги.

По гласањето за пристапот кон уставните измени денес пред нас ги имаме конкретните предлози на текстовите на предложените амандмани од Владата односно Министерството за правда и за истите расправаме.

Уште на почетокот сакам да нагласам дека пристапот кој го имавме ние за измените во Уставот амандманот 22 кој денеска се предлага за менување , тој амандман не беше тогаш и затоа од оваа причина денеска земав збор да дискутирам по текстот на овој амандман за да го кажам моето мислење за истиот.

Со предлог-амандманот 22 конкретно се говори за изборот на претседател на државата и тоа во вториот круг, доколку евентуално претседателот на државата не се избере во првиот круг. Текстот на овој амандман е дека за претседател се избира кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои излегле да гласаат без оглед колку излегле да гласаат, без цензус. Овој амандман го менува ставот 5 и 6 од членот 48 од Уставот на Република Македонија. Членот 5 и 6 од Уставот на Република Македонија дефинира дека за претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои излегле да гласаат, доколку гласале повеќе од половина од гласачите, повеќе од 50%.

Во ставот 6 од членот 81 исто така се дефинира дека доколку и во вториот круг не е избран ниту еден од кандидатите, значи не добил потребно мнозинство, целата процедура се повторува од почеток.

Секако дека интенцијата на предлагачот на овој амандман е да не се случи ситуација да останеме без претседател на држава, да не се случи да се повтори ситуацијата како што се случи во Србија и Црна Гора кога не се успеа да се избере претседател на држава и тн.

Ние сме во фаза на менување на изборното законодавство за сите избори, без оглед дали се локални, парламентарни или претседтелски, во тек сме на менување на законодавството и за референдумот и затоа препораките кои се даваат од ОБСЕ се во оваа насока законодавството да се менува, меѓутоа, јас мислам дека цензусот кој е предвиден во Уставот на Република Македонија со 50% тој цензус не треба да се менува од повеќе причини.

Прво, тоа е највисока институција, се мисли на претседателот на државата кој на ни еден начин не треба да се избере со 10 илјади, но не и со 100 илјади ниту со 200 илјади гласа. Треба да го имаме предвид фактот дека тука не избираме претседател на локална заедница, ниту избираме претседател односно градоначалник на општина. Треба да се има предвид фактот дека и во Законот за локални избори сме ги изгласале тие измени каде се вели дека градоначалник може да се избере кој добил мнозинство гласови од граѓаните кои излегле да гласаат, меѓутоа, со услов да гласале 1/3 од тие граѓани.

Затоа не гледам причина и овде да остане истото или да не претрпи никакви измени овој член затоа што, ќе повторам уште еднаш, овде се говори за претседател на држава.

Познато ви е секако дека и на комисиите, но и во средствата за јавно информирање ние како ДУИ кога се отвори пакетот за избор на претседател на држава ние излеговме со предлог да имаме институција да се постави функцијата потпретседател на држава. Аргументи имаме многу има за и против, меѓутоа, во сите овие дискусии бевме лошо разбрани, нашето барање беше лошо разбрано од неколку политички партии, беше лошо разбрано и од јавноста дека ние бараме потпретседател Албанец. Не е вистина дека бараме потпретседател Албанец затоа што не се исклучува можноста и претседателот на државата да биде Албанец. Затоа не велиме дека потпретседателот кој ќе може евентуално да се избере да биде Албанец, туку велиме да се постави функција потпретседател на држава.

Што се однесува до цензусот кој се предлага тука, претседтел на држава да се избере без оглед на бројот на избирачите кои излегле на гласање, мислам дека треба да се раководиме од досегашното искуство на избори, посебно претседателските. На ни еден начин не смееме да дојдеме во ситуација претседателот на државата да се спори од голем број на граѓани, да се спори од страна на политичките партии во Република Македонија, претседателот на државата да се нарекува граѓанин и да се спомнува со иницијали неговото име и затоа нашиот придонес или нашето мислење, пред се мислењето на ДУИ е да не се намали цензусот токму од овие причини. Доколку претседателот на државата до сега се нарекувал граѓанин со иницијали и кога постоел цензус од 50% на граѓани кои треба да излезат да гласаат, сега и понатаму овој цензус каде претседателот на државата може да се избере со 10 или 100 илјади или 150 илјади гласови секако дека со неговите иницијали ќе се нарекува граѓанинот.

Значи, причината што до сега се нарекувал со иницијали и не бил признат од политичките партии кои ги губат изборите или политички партии во повеќето случаи кои се во опозиција и понатаму ќе се зајакнат со измените на овој амандман.

Јас и порано спомнав дека сум против тоа да се намали цензусот, меѓутоа, мислам дека со намалувањето на цензусот и со укинувањето на цензусот од 50%, мислам дека се исклучува голем број на граѓани или гласачи кои сакаат да излезат на гласање, сакаат да излезат на слободни избори со нивното мислење или со нивниот став или предрасуди дека нема потреба јас да излезам на гласање затоа што и така ќе се избере, нема потреба јас да излезам на избори затоа што не се бара цензус, нема потреба јас да излезам на гласање затоа што во повеќето случаи, ќе го спомнам тоа дека се работи за исклучување на другите етнички заедници директно да учествуваат во изборот на претседателот на државата кој ќе раководи следните пет години со самиот факт што кандидатите во повеќето случаи од досегашното искуство знаеме кои одат во вториот круг за претседател на држава секако дека ќе бидат Македонци, ова го покажува искуството и затоа сите етнички заедници нема да

излезат да гласаат во вториот круг од причина што ќе речат ние се исклучуваме од влијанието на нашиот глас, со влијанието на слободниот глас на граѓанинот затоа што идниот претседател нема да биде од оваа или од онаа етничка заедница, затоа причините цензусот да не се намали се многубројни.

Доколку сакате, иако амандманот има само реченица ипол, можам да видам една политичка заднина, без оглед од кого е предложен амандманот и кој ќе го поддржи истиот.

Мислам дека во текот на овие дискусии кои биле откако е предложен овој амандман во јавноста излегле разни други предлози околу изборот на претседателот на државата, дури има мислење претседателот на државата да се избере од страна на Парламентот така како што пратикувале или имаат искуство многу демократски земји со парламентарно искуство и оваа можност можеби не треба да се отфрли, треба да се анализира од многу причини.

Првата причина можат да бидат трошоците кои се прават во текот на изборите во државата имајќи предвид дека околу два милиони евра се трошат за еден изборен круг, за еден изборен процес што значи во Република Македонија речиси секоја година имаме избори и на овој начин може да биде причина Парламентот да го избере претседателот на државата, имајќи го предвид фактот дека сите пратеници се избрани на слободни демократски избори и на тој начин може и претседателот на државата истите да го изберат.

Ова може да има и друга причина затоа што може да се постигне сепартиски консензус и претседателот на државата да се избере со 2/3 мнозинство на гласови од пратениците, како што е практика во многу земји, таква е праксата и во Албанија каде претседателот на државата многу добро функционира, соработува со сите политички партии затоа што тој е претседател поддржан од сите политички партии.

Ова се моите забелешки во целина околу амандманот 22 околу намалувањето на цензусот за избор на претседател на држава во вториот круг и јас мислам дека држат аргументите овој амандман да не биде поддржан и да не помине во третиот круг на гласање на амандманите за измена на Уставот.

Јас имав толку, ви благодарам за вниманието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Пред да му дадам збор за реплика на господинот Блаже Стојаноски сакам во свое лично име и во име на сите вас колеги пратеници да го поздравам присуството на галеријата на господинот Луј Темелковски со својата сопруга кој е пратеник во Парламентот на Канада, наш Македонец во Канада и срдечно го поздравувам од мое и од ваше име. (Поздравот беше пропратен со аплауз, а господинот Темелковски од галеријата се заблагодарува).

Три минути реплика за господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Навистина оние прашања кои беа отворени во дискусијата на колегата пратеник, сметам дека се однесуваат пред се на пристапот кон Република Македонија односно кон суштинските принципи на кои почива Република Македонија.

Единствено она што можам да го видам во предлогот за претседател и потпретседател на држава не е ништо друго, туку етничката формула и етничката смисла на тој предлог. Ако не е така тогаш колегата пратеник ќе зборуваше аргументирано и ќе навлезеше во уставните решенија кои се однесуваат на ингеренциите и на претседателот и на потпретседателот на државата и на начините на кои би било логично да се предвиди во Уставот на Република Македонија и функцијата потпретседател на Република Македонија.

Значи, етничката позадина е јасна и на тој начин тоа значи продолжување на една логика која беше презентирана тука преку Законот за знамиња, а тоа е на еден начин да се промовира Република Македонија како биетничка држава во која суверенитетот не излегува од граѓаните на Република Македонија, туку тој излегува од етникумите односно од македонскиот народ и дел од албанскиот народ како што стои во Уставот односно од албанската етничка заедница.

Од друга страна она што се однесува на цензусот тоа не беше аргументирано заради легитимитетот на претседателот или намалувањето на тој цензус како удар врз легитимноста на изборот, туку пред се врз позицијата на претседателот која до сега знаеме во повеќе изборни циклуси, а во 1999 година беше една ситуација, 2004-та година се повтори слична ситуација во која се случува диригирана поддршка од албанското гласачко тело на кандидатот за претседател на Република Македонија што има своја цена.

На тој начин не може претседателот на Република Македонија да биде избран како авторитетна личност, личност која отскокнува и е прифатена од сите политички партии, туку тој се избира како резултат на политички пазар и пред се претставува политичка личност која обезбедува политичка поддршка со реализација на одредени работи кои ќе значат благодарност за добиените гласови.

Тоа исто така има влијание и врз поттикнувањето на групното гласање и врз полнењето на гласачки кутии што дополнително значи нарушување на принципите на изборите кои Република Македонија треба да ги гради и во иднина.

Сите овие аргументи кои што ги кажав сметам дека требаше да бидат образложени од претходниот дискутант, на тој начин функцијата потпретседател и претседател на Република Македонија ќе заземат свое место како функции во системот на власта, меѓутоа со аргументиран а не етнички пристап во тие работи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Една минута контра реплика пратеникот Абдилаким Адеми.

**Абдилаким Адеми:** Благодарам.

Јас и во мојата дискусија не спомнав во ниту еден случај дека претседателот или потпретседателот на државата треба да бидат од оваа, или онаа етничка заедница. И затоа тука нема етничка позадина. Додека што се однесува на надлежностите кои можеби евентуално ќе ги има потпретседателот, или надлежностите што актуелно ги има претседателот, јас не говорев за надлежностите, затоа што амандманот 22 што е предложен говори за начинот на избор на претседател на држава. Затоа и не се концентрирав на надлежностите на претседателот, или потпретседателот и за тоа може да се дискутира овде нашироко и секако ќе се јавам тогаш бидејќи господинот Стојаноски не го разбрал мојот говор, ќе се јавам уште еднаш на крајот да дискутирам.

Јас спомнав околу легитимноста дека не е добро претседателот на државата да се избере со повеќе гласови од 50% од граѓаните. И затоа ја спомнав легитимноста, затоа што треба да биде со повеќе гласа, а не се помалку гласа.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Евтим Манев.

**Ефтим Манев:** Благодарам потпретседателе.

По предложениот амандман 22 би сакал да го кажам следното. Најнапред сметам дека овој амандман не се придржува на постапката во Уставот, има прескокнато една фаза што сметам дека не треба да го подржи Парламентот. Бидејќи во првата фаза за измените на Уставот на Република Македонија појдовни точки и тема на разговорите и на иницијативата за пристапување кон измени на Уставот беа реформите во судството. И тогаш ваквата одредба не постоеше. Незнам од кои причини какви согледувања најде предлагачот да се вметне менување на одредбите во Уставот во членот 81 каде што е утврдено со каков цензус се избира претседателот на Република Македонија и тоа во вториот круг. Со овој амандман се предлага изборот на претседателот на Република Македонија во вториот круг да може да се избере со помал број на излезени бирачи запишани од 50% од бројката. Така што со една ваква формулација јас мислам дека најнапред во Република Македонија тешко да дојде до тоа. Не знам од каде ја нашле таквата состојба да може да се случи. И ако ние направиме нешто такво и да се случи да избереме претседател на државата со помалку од 50% од излезените запишани гласачи, сметам дека таквиот претседател ќе има намален легитимитет пред граѓаните во Република Македонија и истиот сметам дека не треба да биде избран на таков начин. Ако тргнеме од претпоставката дека Парламентот во Република Македонија може да донесе и одлука со 1/3 од парламентарците, од бројот на членовите на Парламентот , на пратениците, но никогаш неможе да работи ако нема присутни повеќе еден од половината. Се прави еден преседан на еден ваков начин што аналогно на тоа Парламентот е граѓаните на Република Македонија собрани во мало . Тогаш би требало да се интервенира и во тој дел, барем и Парламентот да работи и да донесува одлуки колку ќе има, толку. Од тие причини сметам дека предлагачот со недоволно анализи и недоволни причини го поднел овој амандман за менување на цензусот за избор на претседател. Претседател со таков ценѕус може да се избере исклучиво ако биде понуден човек кој што граѓаните на Република Македонија нема да го сакаат. Инаку, доколку се предложат истакнати граѓани на Република Македонија кои уживаат авторитет, кои во периодот на кампањата ќе се докажат пред граѓаните дека можат да бидат претседател на државата, јас верувам дека ќе излезат повеќе од 50%. Можеме само да придонесеме политичките партии, ако ставиме таков цензус да избираме претседатели кои не ќе одговараат на граѓаните, а ќе одговараат само на политичките партии. И затоа сметам, претседателот на државата без разлика кај нас што ние имаме парламентарен систем, сепак претседателот има прилично одговорни функции во случај на непосредна воена опасност од војна, тој командува со армијата, командува со полиција, има и те како витални функции во некој дел. И сметам дека не треба да запоставиме и да дозволиме да биде избран од помалиот број на граѓани во Република Македонија . За овој амандман не треба да се гласа од овие две причини, бидејќи прескокна една фаза од Уставот што сметам дека не треба да допуштиме како пратеници такво нешто . Ако се размислувало на тоа веројатно ќе бил вклучен во првата фаза при донесувањето на одлука за потребата за изменување на Уставот. А сега тоа е вклучено, како така е уфрлено кога амандманите се носат со неквалифицираното мнозинство 2/3, да помине и така да дојдеме до третата фаза каде што може ќе настане проблем и нема да биде гласан од опозивијата. Барем јас така мислам. Инаку, не одговарам за сите опозициони партии и пратеници. Од тие причини мислам дека овој амандман не треба да се усвои и треба да се остави време ако има потреба од разгледувањето на институцијата претседател, малку подолго време да се анализира истата, бидејќи и немаме така потреба како што е причините за реформите во судството. За изборот на претседателот нешто повеќе години ќе ни требаат, ќе причекаме. И можеби ќе се појават подруги потреби, подруги измени, дали баш вакви, не би можел да претпоставам. Но. има можности за поинакви измени во Уставот по однос на институцијата претседател во државата. Од тие причини јас не би гласал за овој амандман. И сметам дека неговото донесување ќе биде противуставно.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Агим Џелили.

**Агим Џелили:** Ви благодарам господине потпретседател. Уставот на Република Македонија го уредува со неколку одредби и прашањето на функционирање на институцијата претседател како и неговиот избор како институција. Начинот како се избира претседателот на државата верувам дека на сите ни е јасен поради причините дека сме сведоци на неколку претходни избори кои се одржаа во Република Македонија. И ден денеска во јавноста се споменуваат квалификациите т.н. претседател, граѓанинот итн. Јас поставувам прашање дали речиси со елиминирањето на цензусот од 50% плус 1 како што се предлага во овој амандман, овие поими кои денес се слушаат од разни структури политич!ки итн, нема да се заменат со колективен пристап на некои етнички колективитети итн, кои верувам дека ќе го деградираат значењето на институцијата претседател на држава. Мислам дека овде треба да се изнајдат механизми за изборот на претседател, да се перфекционализира, а не технички да се олесни, додека политички да се потцени, дури и да се минимизира расположението на граѓаните за да излезат на избори секогаш ќе се намали. И така ќе држи констатацијата дека можеби нема потреба да се излезе на избори, бидејќи претседателот може да се избере и без мојот глас. И работите можат да кружат во еден затворен круг каде повеќе ќе се занимаваме со формалности одошто со реалноста , наспроти тоа дека Македонија е една реалност, самата за себе е една мултиетничка држава, мултикултурна држава, мултиконфесионална држава и сите заедно живеат. Кога се отвора овој пакет на уставни измени мислам дека би било добро да има и потпретседател на држава каде што Ќе се опфатат и неговите ингеренции од уставен аспект. Така што Македонија секогаш ќе биде покриена со оваа функција и во исклучителни услови независно на кој етникум тој потпретседател ќе припаѓа, бидејќи не гледам за сходно за функцијата потпретседател некој етникум да биде привилегиран, додека некој да биде санкциониран.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Жарко Караџоски:

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, претставници на Владата, овој амандман очигледно и по расправите во комисиите но и овде предизвикува најголем интерес и можеби е со право затоа што сепак се работи за дел каде што се опфаќа како да се избере претседател на држава. И секогаш кога имаме дел од уставна регулатива која опфаќа проблеми со изборната регулатива, или насоки како тоа треба да биде, нормално дека побудува интерес. Веднаш на почеток морам да кажам дека, тука и колегата Ефтим Манев тоа го кажа, значи овој амандман одстапува од она што може да се нарече реформи во судската власт, отстапува од концептот за кој што изградивме консензус овде во првата фаза при подготовка, односно пристапувањето кон измените на Уставот. Овој амандман воопшто не беше амандман за кој што се расправаше, или договараше во оние меѓупартиски, или лидерски, или средби со премиерот на Владата на Република Македонија помеѓу останатите опозициони партии од парламентарните опозициони партии. Овој текст ни доаѓа сега како нацрт текст каде што се предлага во вториот круг да се намали оној цензус, или поточно каде што се предлага членот 81 ставовите 5 и 6 од Уставот да се бришат, а на нивно место да се додаде нов каде што ќе стои за претседател да биде избран кандидат кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале, наместо досега, доколку гласале повеќе од половина избирачи. Овој амандман отвора повеќе прашања како што имавме прилика тука да ги слушнеме , го отвора целиот пакет, или целиот проблем, или целиот член 81 каде што можевме да слушнеме и од јавноста, но и на комисиите , а и овде на пленарната седница дека ако веќе се отвара оваа проблематика во смисла на тоа да се намали цензусот, или воопшто да нема цензус во вториот круг, дали не требаше да се отвори разговор и по целиот член 81, односно како треба да се избира претседател на државата. Имавме прилика да слушнеме дека покрај претседателот ни е потребен и потпретседател на државата, идеја која некогаш постоеше едно такво решение во една преодна форма имавме, за да одеднаш тоа се експонира и сега. Интересно е тоа што предлогот за потпретседател на државата доаѓа од албанските партии, или од претставниците на ДУИ, иако тука слушаме убедување дека не мора да значи дека со тоа што тие бараат, односно предлагаат да има потпретседател на претседателот , дека би требало да значи дека таквиот потпретседател би требало да биде албанец. Но, тогаш е нелогично зошто албанските партии го покренуваат тоа прашање, ако некаква поврзаност, или некаква врска не бараат во тој дел. Мислам малку е чудно. Овде малку скромно пратениците од албанската партија нешто кажаа, на комисиите многу повеќе се залагаа за оваа работа. Јас морам да истакнам дека таа идеја апсолутно е апсурдна идеја, мислам нема ни зошто да се замараме со неа, затоа што Уставот дефинирал дека имаме претседател на државата и дека немаме потпретседател. Мислам да се воведува нешто што немаме, нема потреба, затоа што се дефинирани на некој начин кои се надлежностите на претседателот и не би требало сега да отвараме некакви нови надлежности на некоја нова институција која јас искерно не знам што би работела. Од друга страна, мора да потенцирам една работа дека Република Македонија е парламентарна држава, значи не е претседателска држава, значи парламентарен систем, не претседателски и во такви системи нема ваква категорија потпретседател на претседателот. Тоа може да се најде некаде во некои претседателски системи, но во Република Македонија е парламентарен систем и со тоа не гледам потреба зошто некој би требало да го

заменува претседателот кој што има и онака ограничен број надлежности, дел од извршната власт, така што тука незнам што би помогнала таа работа. Залагањето за таква идеја пред се која што дојде од албанска политичка партија, една, или колку се, треба сериозно да размислат кога предлагаат нешто такво, дали сакаат да остане парламентарен систем, или некакви ингеренции на претседателот на државата да се зголемуваат, значи во кој правец да се оди, не само желбата потпретседателот на претседателот да биде албанец, затоа што илузорно е да се бара нешто такво при една ваква уставна регулатива каде што претседателот на државата се избира на непосредни избори . И тука залудно е некој да наметнува проблем за потпретседател на државата кога самата изборна регулатива не дава шанса барем за догледно време да имаме претседател на држава албанец, а камо ли потпретседател. Значи, тоа е џабе залагање. Од друга страна секогаш кога се отвараат некои прашања независно дали се опфаќа само цензус, или нешто слично, или во вториот круг се интервенира како со овој амандман, секогаш во јавноста се експонираат оние барања, значи прво, ќе бараме потпретседател на претседателот на државата. Денеска имаме случај да прочитаме во дневниот печат каде што една политичка партија од албанскиот блок веќе отиде малку пошироко, па побара и претседател на Собранието. Само не знам како тоа уставно да го изведеме . Така што секогаш отвараат тие апетити и секогаш се отвараат оние прашања за кои што овде јас не гледам ни потреба зошто да се разговара. И заради тоа , значи сето ова го зборувам да се надоврзам, значи кога се отвара една ваква проблематика, или кога се интервенира со еден ваков амандман требало претходно да се направат консултации со политичките партии за да не ни се случува она што сега ни се случува. Сега ќе имаме тука плеада разговори како е потребен потпретседател на државата, како тој треба да биде албанец, како двајцата, имаше една интересна идеја од колегата кој не го гледам тука, претставува една политичка партија на албанците која е во малцинство овде, имаше една интересна идеја, вели, како би се бирал сега претседател и потпретседател на држава со оглед на тоа што според Уставот се избираат на непосредни избори и би требало да одат двајцата во пакет. И доколку кандидатот биде албанец и ако се бориме да биде албанец би биле интересни тие митинзи и општо таа цела изборна кампања како би се извела.

Имено има многу прашања за кои што одговорите се нелогични, има многу прашања што се отвораат а мислам дека немаше потреба и тоа требаше да му биде јасно на предлагачот дека вакви дискусии ќе произлезат и дури е прашање како ќе помине самиот Нацрт-амандман при глалсањето.

Но, тоа е што е. Се отвори тој проблем и еве, ќе дискутираме по него.

Вака, како што е предложен амандманот, вториот круг да се бира претседателот, оној кандидат кој добил мнозинство гласови од гласачите кои гласале е чисто просто мнозинство, значи онолку колку што ќе излезат еден нека е повеќе, претседател на држава имаме. Или, ајде да го сведеме математички, на пример излегуваат илјада души, другите седат дома, од нив 900 гласале, претседател на држава имаме.

Ваквата формулација може да има некакво оправдување ако се земе предвид што ни се случувало во пракса, ако се земат сите овие години кога бираме претседател да цело време се обвинуваме за нереди, нерегуларности. Тие избори се навистина тешки, имаме разни поплаќи, приговори, таа процедура трае доста долго, особено последните избори кога се случи да едвај избереме претседател, доколку една партија од опозицијата со префикс ВМРО не излезеше да гласа, немаше да имаме претседател на држава, заради тој неопходно потребен цензус. Така што, можеби навистина прашањето е отворено и дискутабилно, затоа што во иднина, кога можеше да ни се случи на претседателски избори едвај да обезбедиме 50% плус 1, дека во иднина се помалку ќе биде интересно да се бираат претседатели, па можеби нема да се случи тој цензус да дојде ниту приближно до 50%. Па, со оглед на одредбите во ставот 6 на членот 81 од Уставот да се повторуваат постапките и во случај дури да не избереме претседаел на држава, малку фалеше тоа да се случи на последните избори. Благодарение на разбирањето, повторно ќе кажам, кај опозицијата, тоа некако го избегнавме.

Но, тоа не може да служи за век. Така што ваквиот цензус, од тој аспект, односно немањето цензус од тој аспект е опрадан.

Сега се отвора друг проблем. Ако претседателот на дддржавата е со ранг, таков каков што Уставот го определил, сепак со минимално потребен број гласови од вкупниот број, од оној кој ќе излезе на гласање, мислам дека дури и ја сведуваме на помал број избирачи што се потребни дури и за градоначалници. Дури и на тој степен отидовме пониско.

Така што, ако веќе се оди во таа насока, да ги менуваме ставовите 5 и 6 во членот 81 со овој амандман и ако се определуваме да одиме со мнозинство гласови од избирачите кои гласале, можеби и тука треба да се размисли за еден минимален цензус што ние можеме да избереме мпретседател. Дали тоа ќе биде една третина, 30% или незнам колку, мислам дека е простор и место да се разговара или размислува во онаа трета фаза во која што ќе дојде овој амандман, нормално, доколку помине воопшто како идеја.

И, една трета работа за која што вреди да се размисли, имавме можност во јавноста да слушнеме дали треба оваа изборна постапка или регулатива во делот на Уставот на Република Македонија, каде што претседателот на државата треба да оди на непосредни избори, дали тоа да

се замени со претседателот на државата да го бира Собранието на Република Македонија со двотретинско мнозинство.

Таа идеја потекна, таа идеја ја промовира претседателот на Либералната партија, господинот Стојан Андов, но таа идеја не е некоја стара идеја. Имаше многу заложници, тука слушнав од некои колеги кои сметаат дека може да биде оправдана.

Таква, како идеја, мислам дека воопшто не треба ниту да се отвори, ниту да се размислува. Ако се земе во предвид сето она што го кажав претходно и ако се земе предвид дека Република Македонија сепак, како една мала сиромашна држава има премногу избори, буквално секоја година, а можеби најтешките и најкомплицираните избори, за кои што постојано имаме приговори, жалби и самите претседтели како институции ги нарекуваме те граѓани, те лица, со иницијали итн., можеби навистина вреди да се размисли токму, ако се оди во овој правец, да не остане овој амандман вака стеснет, туку да се прошири со нешто друго или целиот член да се измени па да воведеме некоја сосема друга регулатива.

Дури, мислам, оправданоста Собранието да го бира претседателот на државата има и една друга оправданост, покрај оние изборни проблеми што ни се јавуваат, па и на инаугурирањето, па почитувањето, зборувањето дека едниот е граѓанин другиот е лице итн., можеби е најинтересен и најсеопфатен проблемот што во низа години, еве во последните два мандати, па и на првиот Претседател на Републиката ни се случува еден очигледен судир помеѓу надлежностите во рамките на Уставот помеѓу претседателот на Владата, како Претседател на држава, да не знаеме кој е кој и каде е кој. Го имаме тој проблем, затоа што едниот се чувствува дека е избран од граѓаните, некоја повисока функција, другиот избран од Собранието итн. Но, имаме еден континуиран непринципиелен однос во кој што често пати доаѓаме до судир.

Можеби е добро, со тоа што Собранието би го бирал Претседателот на државата, да дадеме еден статус и на таа функција како дел, сепак, од извршната власт за да на некој начин ги ограничиме или ставиме некој репер за да не доаѓаме до вакви ситуации, во какви што доаѓаме во последно време.

Затоа, кога разговараме за ваков уставен амандман, мислам дека предлагачот ќе треба сериозно да размисли во наредната фаза со кое решение ќе оди, затоа што верувам дека не е тоа само Жарко Караџоски, не е тоа само ВМРО-Народна, најверојатно ќе излезат и други забелешки во кои што согласно сите, а и она што имавме можност да го слушнеме и кажеме на комисиите, очигледно е дека овој амандман е еден од можеби најпроблематичните.

Можеби и последната констатација, не ја гледам оправданоста зошто овој амандман токму сега, зад нас се претседателските избори, не не очекуваат нешто многу итно претседателски избори, на повидок се парламентарните, многу ми е побитна реформата во судството, затоа што за тоа имаме заложба, за тоа треба да направиме определени рокови. Не би требало да има еден ваков амандман да го кочи или запре процесот што е започнат.Ако се определивме за реформи во судството, тој процес да го завршиме. Да го направиме преку Уставот, она што треба преку законите и тоа да биде чисто. Да ризикуваме со еден ваков амандман да ни падне целиот комплекс на реформи за кои што се залагаме, за што имаме отворена согласност и од меѓународните институции, мислам дека е преголем ризик. Затоа што, на крајот на краиштата овој амандман ги отвора најголемите прашања што најмногу се поврзани од политички аспект.

Затоа, почитувани колеги, ние како пратеничка група на ВМРО Народна нема да го поддржиме овој амандман. Тоа го кажуваме отворено за да предлагачот има време да размисли што ќе прави. Доколку има желба или има волја да ги послуша нашите аргументи, во онаа трета фаза, доколку помине овој амандман сега, подготвени сме да разговараме, да учествуваме во тие разговори, да ги дадеме нашите идеи во која насока треба да се менува ваквата изборна регулатива, кога станува збор за претседател на ддржава, за да можеме да дојдеме до некое солидно решение.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи господин Љупчо Јордановски, претседател на Собраниеето на Република Македонија).

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

За реплилка се јави госпоѓа Силвана Бонева.

Госпоѓо Бонева повелете, три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Благодарам.

Почитуван колега Караџоски, многу пати досега во овој Парламент нагласувате дека ВМРО - ДПМНЕ не гласаше на претседателските избори. Токму така. Вистина е тоа. Но, благодарение на вашата стратегија, зацртана уште пред претседателските избори, преку абстиненцијата што ја заговаравте на самите претседателски избори сега дојдовме да се расправа за промена на Уставот во делот на Претседателот, што оди веќе во пакет, како што гледаме, со избор на потпретседател од албанската етничка заедница и што е уште пострашно, со одземање на правото на глас на непосредни избори, граѓаните да си изберат Претседател на државата, Република Македонија, туку тоа да го избира Собранието, Парламентарното мнозинство да кажува кој ќе биде претседател во оваа држава, Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџоски имате една минута, повелете.

**Жарко Караџоски:** Почитувана колешке, прво воопшто не спомнав ВМРО-ДПМНЕ. Кажав

партија со предзнак ВМРО. Тоа што вие го прецизиравте, тоа е само ваше препознавање.

Второ, почитувана колешке, јас и вие седевме заедно во тој орган кога ја носевме таа одлука. Бидете сигурна, доколку се почитуваше апстиненцијата, денеска немаше да го имаме господинот Црвенковски за претседател и немаше тоа да биде никаква трагедија за Република Македонија , затоа што тие избори ќе беа повторени и можеби ќе имавме попрецизна регулатива, можеби ќе имавме по фер и по демократски избори, можеби нашиот кандидат, на тогашна заедничка партија ќе победеше.

Но, треба да бидете свесни и вие, како што сум свесен и јас, благодарение на мене и на вас и на сите членови на ВМРО - ДПМНЕ, господинот Црвенковски го направивме претседател.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Флоровски имате збор.

**Александар Флоровски:** Нема потреба од расправии меѓу нас, од едноставна причина што не треба да заборавите дека Бранко Црвенковски, со своето политичко искуство, никогаш не гази на трула даска и немаше шанси да ги изгуби изборите. Очигледно дека тоа го заборави. Но, тоа не е ни битно, тоа е едно минато време. Сега ќе говорам по овој амандман, чисто добронамерно, со единствена сугестија да се најде поквалитетно решение, ако може да се најде или да се брише овој амандман, затоа што ова значи едноставно навлекување на тенок лед.

Не знам дали е тоа мислење и на минстерката. Но она што го кажа мојот колега Караџоски, прашање на време е или, нели е премногу рано да се прават вакви измени во Уставот, имајќи предвид што пред скоро време имавме пред се избор на претседател на државата. Пред неполна година и кусур.

Зошто велам навлекување на тенок лед, затоа што зад овие работи се кријат работи што можат да ни се случуваат во иднина. Она што, најмалку ние го посакуваме, да ни се случи многу брзо. Со разно-разни предлози што се нудат, почнувајќи од потпретседатели, па завршувајќи со амандманите 23 и да се најдеме во една замка да не знаеме дали сме парламентрна, полупретседателска или претседателска држава, што за претседател може да има немакедонец. Моите размислувања, следствено се следниве:

Амандманот не е толкусложен да не кажам едноставно е прост. Вели - За претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале. Од избирачите кои излегле да гласаат.

Што тоа значи? Може да значи многу работи. Со овој амандман се брише претходното решение што е исто уставна категорија, на излезени 50 плус 1, што дава право на претседателот на државата да биде легитимен. Значи, еден оптимален ценззус, да не кажам еден нормален ценззус, каде што од нас 120 души, 60 плус прави мнозинство и изгласува закон. По логика на нештата така би требало да тече и изборот на претседател на државата.

Јас не знам министерке кој оваа работа ви ја протурка, но мислам не само што не е време, најдоброто решение би било доколку имате сила да го повлечете, впрочем тоа не зависи само од вас, јас сум свесен и за политичките импликации утре, но моето размислување е тоа. Најдоброто решение би било да се повлече и да се почека некое подобро време, некоја подобра клима, да се најде некое поквалитетно, да не кажам поквалитетно решение, во интерес на Република Македонија.

Слушнавме разни предлози. Ценззус од 30%, една третина што значи 30,333 и така до бесконечност "н" точка, значи немаме усогласени ставови. Не слушнав конретен и квалитетен предлог овде. Можеби вие ќе се прилучите кон она што ние го говориме, го поставуваме како прашање до вас, да одговорите, затоа што работиве се многу суптилни. Членот е точно една реченица. Но, многу ќе значи во иднина, пред се во функционирањето на самата држава. При тоа, не заборавајќи дека ова е парламентарна демократија, дека не е полупретседателски систем, а уште помалку претседателски систем.

Кога говориме за ценззус, нека биде тоа една третина, нека биде 30,333 итн., тоа е премногу мала бројка за да има претседателот легитимитет. Зошто ова го говорам? Пример од 1990 година. Господинот Глигоров, тогаш избран во вториот круг, со 114 гласови од Парламентот. Значи, ни се случуваа при изборот на претседатели, опозиционите партии во принцип никогаш да не го признаваат неговиот легитимитет, што е лошо не само за државата и угледот на самата држава, а колку имаме углед тоа е сосема друго прашање. Лично мислам дека премногу си даваме на значење и дека сме премногу лесен тас на кантарот како Македонија. Да не се залажуваме.

1994 година, господинот Глигоров е избран на непосредни избори каде што 140 илјади албански гласови се прелеани, по пат на давање државјанства, опозицијата тогаш вонпарламентарна, олицетворена во ликот на ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија, бившата партија на Петар Гошев, правевме протесни мимтинзи, чуда, викавме, лаевме, и ништо од тоа. Па, дојде изборот на Борис Трајковски, Бог да го прости, па СДСМ го нареккуваше граѓанинот Трајковски, да не кажам граѓанинот Кејн, по романот на Орсон Велс, што не е добро.

Сега, ние Црвенковски го нарекуваме лицето, не ние, новинарите, лицето Б.Ц., што исто така не е добра работа, затоа што сепак е претседател на државата. Каде оди надвор не претставува. Колку квалитетно не претставува, тоа е сосема друго прашање, исто и колку е неговиот капациерт.

Но, во принцип, сите досегашни избрани претседатели не заживеаја во вистинска смисла на зборот. Секогаш беа оспорувани. И денеска ни се нуди едно вакво решение што, да не кажам, е

дегутантно. Нема логика. Ако некој со 51% е избран, со 50% плус 1, и се случува некој да не го признава, а овде немате никаков цензус, што мислите, што ќе говори опозицијата? Било којда биде? Дали тоа ќе биде ВМРО, дали ќе биде СДС или некоја трета политичка партија. Кој легитимитет ќе го има, која е таа фамозна бројка што ќе претставува мнозинство, ќе носи легитимитет? 50 илјади, 100 илјади, 200, 300, 500, 600, милион, која е бројката? Овде имате напишано само дека претседателот е избран односно кандидатот е избран доколку добил мнозинство на гласови од излезените. Ништо повеќе, ништо помалку. И, мене лично не ми е јасно што сака да се направи со овој член, т.е. амандманот 22?

Верувајте воопшто не ми е јасно, а верувам дека и вас не ви е јасно затоа што е натурено политичко решение. Барем да има малку логика, нема логика. Колку човек да размислува не може да ја најде суштината на овој амандман. Што е суштината на овој амандман? Плашејки се од она што се случи во Србија дека ќе се рефлектира кај нас. Според Уставот до колку претседателот не е избран, или е отсутен претседателот го заменува претседателот на Собранието. Таа работа е регулирана и тука не треба да постои страв. Има човек кој го заменува и ги потпишува сите акти донесени од Парламентот полноважно, исто како да ги потпишал претседателот доколку не е пристуен во државата. Значи, станува и Врховен командант и раководи со нашата држава, значи има надлежност како претседател. По стоти пат да го читам овој амандман верувајте дека не можам да најдам никаква логика.

Прво, времето е промашено.

Второ, било кој лаик да го прашате ќе се насмее на овој амандман. Барем да ставевте некој цензус, некој процент. Зошто тоа не е направено незнам, навистина не ми е јасно и кој беше договорот што го правевте со коалиционите партии. Дали се договаравте за некој цензус, нели се договаравте, дали постигнавте договор. Навистина ова е непознаница за мене, а верувам и за многу пратеници во Парламентот.

Или, министерке ова значи смалување на трошоците доколку вториот круг не успее. Тоа ли е суштината, да ги смалиме трошоците? Јас не знам колку изнесува еден круг на претседателски избори организиран од државата, дали е милион, милионипол евра, пет милиони евра, колку е. Точно е дека е трошок, се прават трошоци, но ако не сакаме да правиме трошоци имаме понудено едно решениеод Либералната партија, а гледам дека и некои други го промовираат. Тогаш претседателот нека го избира Парламентот со двотретинско мнозинство. 80 плус 1 или нека бидат 90 пратеника, или 100, што ја знам. Да седнеме да се договриме сите.

Значи, ако не сакаме трошоци да правиме дајте да одиме на решението со кое го избравме господинот Глигоров во првиот мандат. Ниту ќе се мавтаме по улиците, ниту ќе се тепаме по улиците, ниту плакати ќе лепиме и ќе ја растеретиме државата 5, 6, 10 милиони евра, незнам колку, а не верувам дека и некој знае. Плус трошоците од самите политички партии, коиисто така се големи, затоа што без пари, со мали пари не можете ништо да нарпавите. Значи се вложув апари во кандидатот за да се добие функцијата.

Слушнавме разни предлози, ова е делот на она што значи избор на претседател, слушнавме и предлози дека државата мора да има и потпретседател.

Ние една таква ситуација имавме 1991 година со изборот на господинот Георгиевски, кој стана потпретседател на претседателот. Тоа за мене беше чисто мајтапење да ви кажам искрено, колку да се најде функција за една голема мастадонт партија ВМРО-ДПМНЕ, затоа што народот тоа го бараше, незнам колку бевте сведоци на таа работа и мораше да се најде некое место. Се најде местото потпретседател на претседателот функција која никаде до сега ја немам слушнато.

Затоа сега имаме конкретни предлози да се има потпретседател на државата. Ако се има потпретседател на државата прашањето е следно. Претседателот ќе мора да одбере потпретседател и да одат на заедничка листа, под број еден да бида името на кандидатот за претседател,под број два да биде името на кандидатот за потпретседател. И тука ќе ни се случи една папазјанија затоа што ќе мора да бараат "играчи" кои можат да донесат најголем број на гласови, а тоа во моментот е албнаксата етничка заедница. И по автоматизам ќе имате потпретседател албанец. Јас не спорам дали е тоа или е лошо, јас само гласно размислувам што може да се случи како консеквенција од она што денеска е предложено и што го слушаме како предлози, што можеби не е далеку од вистината. А и времето на ова што е предложен овој амандман е многу кратко ќе може да се обистини. Може да стане стварност. Тогаш нашето чувство ќе биде сосема поинакво отколку што е денес тоа чувство. Значи, мора да се води сметка за консеквенциите, последиците кои можат да настанат. Затоа велам дека се плашам некој да не не навлекува на тенок лед, затоа штопрашањето е суптилно. Овде не треба да се играме игри, да играме камај, ова е сериозна работа и затоа предложив овој амандман најдобро решение би било да се повлече. Да се сочека некое подобро време, да се направат некои поопширни консултации со сите политички субјекти и она што ќе биде најадекватно, најприфатливо да го понуди како решение.

Третата замка е од амандманот 22, ќе се префрлам на амандманот 23, значи, оваа работа ако се случи да нема цензуси, имате амандман 23 . . .

**Љупчо Јордановски:** За тој амандман ќе зборувате кога ќе дојде на дневен ред.

**Александар Флоровски:** Во тој контекст е, кратко е и ќе завршам, само да ја поврзам работата и да има една логичност за настаните.

Претседателот предлага двајца кандидати во Републички судски совет, или по ново во државен судски совет и во Советот на обвинители. Доколку се прифати следствено амандманот 22 како што е понуден и амандманот 23 како што е понуден, веќе влегувате во сферата на полупретседателски систем, а Македонија е детерминирана како парламентарна држава, да не кажам парламентарна демократија.

И уште да му се даде на претседателот да го распушта Парламентот тогаш веќе ќе бидеме чиста претседателска држава и не ќе можеме да најдете сериозни луѓе од било која политичка провиниенција да биде кандидат на било која политичка партија за пратеник во Македонскиот парламент, затоа што тогаш кога ќе реши претседателот да го распушти Парламентот, а штом добие уставни ингеренции тој ќе го распушти и се прашувам дали ќе најдете нормален човек кој би прифатил таква функција.

**Љупчо Јордановски:** Тоа се хипотези.

**Александар Флоровски:** Значи, ќе повторам дека ова е многу суптилно прашање на кое мора да обрнеме внимание. Да не говорам дека со овој амандман без ценсзус политичките пазарења ќе бидат големи, ќе бидат крупни, ќе се прават отстапки повторно на штета на оваа држава и на овој народ, говорам за македонскиот. За да се добие повеќе глас, за да се добие на избори, а при тоа повеќе водејќи сметка за сопствената кандидатура и за сопствената позиција, отколку за судбината на овој народ.

А, замислете една ваква ситуација, немате ценсус, имате двајца кандидати - македонец и албанец, македонците по инерција некако тешко им е да излезат, треба со остен, боцка да ги натерате да излезат или да ги молите да излезат, останатите немаат проблем со излегувањето и еден ден осамнеме претседател на Република Македонија да не биде македонец во сопствената матична држав,а наречена држава Република Македонија.

Значи, сето ова што го говорам, го говорам добронамерно, без зла намера, без некоја критика. Ова не е критички осверт. Ова е едноставно мое логично размислување кое незнам колку ќе допре до вас, колку ќе допре до политичката кандидатура која владее со државата, но моето мислење, пак ќе кажам добронамерно, амандманот 22 да го повлечете од едноставна причина што последиците можат да бидат катастрофални, пазарењата можат да бидат катастрофални по оваа држава и по овој народ.

Другото нека остане на вас, вие сте владеачка гарнитура, мнозинството е кај вас, тука сме ние безпомошни нешто да направиме, освен да укажеме на некои нелогичности кои ни се нудат.

Ушт еднаш сакам да ви кажам, немојте да заборавите дека Република Македонија е дефинирана како парламентарна држава. Тоа беше интенција и на Уставот донесен во ноември 1991 година, сметам дека треба и така да остане. Неможе Република Македонија да биде ниту полупретседателска, ниту претседателска држава. Смтам дека парламентарната демократија е таа која што ги движи напред работите, затоа што овде сме 120 глави, 120 умови кои многу повеќе знаат од еден вклучително со целиот негов кабинет. Гарантирам дека менталниот капацитет на овие 120 луѓе знае многу повеќе отколку менталниот капацитет на оној кабинет на претседателот, без разлика кој е. Благодарам

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.Повелете госпоѓо Митковска, имате збор.

**Милка Митковска:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван министер за правда, почитувани пратеници, дами и господа,

Со амандманот 22 кој се однесува на изборното законодавство се менува како и праткично намалува квалифицираното мнозинство односно цензусот 50 + 1% од гласовите за избор на претседател на државата и на тој начин го доведува во прашање легитимитетот на претседателот на државата.

Ако имаме предвид дека во еден изборен циклус од четири, плус една година три од нив се изборни, односно во една од нив е парламентарни избори, во друга локалните и трета или четврта некаде доаѓаат претседателските избори.

Овој изборен интензитет и набој како и притисоци врз граѓаните предизвикуваат и причина за нивно неизлегување на гласање, а ние од друга страна ги напаѓаме дека не излегле, зошто не излегле и дека треба да ги молиме. Секако дека овој интензитет и овие притисоци влијаат врз нивната исцрпеност на гласачките години.

Од друга страна во трите изборни години во месеците на изборнатањ кампања го доведува во прашање ефикасносто и нормално работење на инситуциите, како и оние што се институции на власта.

Понатаму, во овие избори се трошат огромни средства и енергија кои директно се рефлектираат и врз целокупното живеење и на граѓаните и на државата.

Од тие причини, Либералната партија на Македонија предлага претседателот на државата да се избира со двотретинско мнозинство во и од Собранието на Република Македонија како законодавен дом чии претствници се од сите политички партии и се директни претставници на електоратот односно на граѓаните на Република Македонија.

Сметаме дека вака избраниот претседател ќе биде легитимен а во исто време ќе се заштеди и време и пари кои во услови на ваква економија и тоа како не се за потценување.

Ова го предлагаме како идеја која не е единствена, гледам дека е поддржана и од други претставници во законодавниот дом, како можност за размислување како кај народот гласач, така и кај претставниците на Владата како предлагачи на овие уставни промени. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Рафис Алити, повелете, имате збор.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател, почитувани пратеници, почитувана госпоѓо министер,

Навистина со овој амандман кој се предлага за менување на Уставот на Република Македонија, амандманот 22 верувам дека ќе беше многу подобро од страна на госпоѓата министер да имаше малку пошироко образложение за тоа зошто се предлага токму намалувањето на цензусот. Доколку е мотивот само тоа во нашата држава, во нашата земја да не се случи тоа што се случи во соседната земја, во Србија и Црна Гора, да се блокира процесот, мислам дека донекаде може да држи, меѓутоа мислам дека мотивите се поинакви, политички бидејќи кај нас и нашата држава долго време добар дела на граѓаните не излегоа на гласање, токму кога беа претседателските избори. Тогаш ние како политичари треба да се поставиме сериозни прашања зошто тој дел на граѓани не сме постигнале да го анимираме, да го мотивираме да излезе и да гласа за претседател на држава, затоа што институцијата претседател на држава е општ интерес или е интерес на сите граѓани на Република Македонија. Така што доколку мотивите се тие, тие што во минатото не излегле да гласаат и ние тој дел на електоратот да го елиминираме, фактички да падне тежината на гласови на тие гласачи, мислам дека пристапот е погрешен. Погрешен пристап е, затоа што ние како политичари треба да изнајдеме нови начини, нови патишта за тоа како да го анимираме тој дел на електоратот да излезе да го даде својот глас за претседател на држава.

Не сакам да се повторувам со претходните говориници, меѓутоа мислам дека добар дел од говорниците говореа и околу тоа дека во минатото два мандати по ред имало случаи претседателот на државата да го нарекуваме таканаречен, или да им ги спомнеме само иницијалите. Тогаш се поставува прашање чиј интерес е тоа, дали е наш интерес тоа пратеникот во Собранието да ги спомне само иицијалите и да рече граѓанинот. Тогаш што преостанува за обичниот граѓанин, за институцијата претседател на државата.

Ние како ДУИ размислувајќи околу ова излеговме со предлог, размислувајќи дека така ќе постигнеме еден дел од населението кое не излегува на гласање да го мотивираме, да го анимираме и тој дел на електоратот, повикот да биде колку е можно поголем на денот на гласање.

Исто така така мислиме дека во оваа насока треба да се видат и изнајдат други патишта на избор на претседател на држава. Токму затоа, реков на почетокот, не ги знам мотивите кои биле на Владата да предложи ваков амандман, само да се намали цензусот и ништо друго не се предлага. Дали е наш интерес да избереме претседател на држава со 20% од гласачите на државата, или со 30% од електоратот мислам дека и ова прашање требало да се постави во Владата. Секако и ние како пратеници треба да си го поставиме ова прашање себеси. Мислам дека тоа не е прашање ниту на нас, ниту на државата, бидејќи претседателот на државата треба да има потполна легитимност, за да ја претстави државата, да ги претстави своите граѓани, било во земјата или во странство.

Уште еднаш ќе нагласам дека е добро, во иднина, во оваа насока да се отвори расправа, меѓутоа, истовремено е добро да се размисли и да се даде приоритет токму на излегувањето на граѓаните на избори, на гласање, а не да се намали консензусот и да се игнорира или да се намали значењето на оние граѓани кои во минатото не учествувале на гласањето или на изборите.

Затоа, и јас ја повикувам госпоѓата министер да го повлече амандманот, да се расправа пошироко во Владата и потоа да се предложи друг аманмдан на Собранието, од кој сите парламентарни групи ќе видат дека тој предлог на измена во иднина барем дава надеж да не ни се случува тоа што се случуваше во минатото, односно претседателите кои ги избираме да не ги прифаќаме како наши граѓани и да ги нарекуваме граѓани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Алити.

Има збор пратеникот Кондарко Борис.

Повелете господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, кога станува збор за овој амандман што е предложен од Владата и Министерството за правда за цензусот за избор на претседател на државата, сметам дека и од она што беше до сега кажано во дискусијата на пленарната седница, но и во собраниските комисии, на Уставната комисија, Законодавно-правната комисија и Комисијата за политички систем, може да се констатира и да се направи еден сублимат, да се даде на тоа коментар дека станува збор главно за три поенти или три работи.

Првата поента всушност е и самата суштина на амандманот, значи предлогот да се намали односно да се изостави цензусот за избор на претседател, кој сега изнесува 50% плус 1%.

Втората и третата работа кои воопшто не се содржани во предлогот за кој треба да разговараме, се предлозите на некои политички партии за поведување на институцијата потпретседател на државата, односно изборот н претседателот на државата, третиот случај или третиот предлог да се врши од страна на Собранието на Република Македонија. Она што некои од предлагачите на втората односно третата варијанта, што напоменувам уште еднаш дека не е предмет на дискусија по овој амандман,

кој се однесува на намалувањето на цензусот за избор, тоа што тие велат дека овој амандман во првата фаза всушност не бил предложен, всушност самите запаѓаат во една противвречност, бидејќи со тоа што ги предлагаат и ги вметнуваат - секако политички тоа е легитимно - втората и третата варијанта за избор на потпретседател, односно претседателот да се избира од Собранието, тие самите всушност се противвречни и говорат за нешто што во суштина не е предмет на расправа, не е предмет на уставните промени кои се во собраниска процедура.

Јас ќе искоментирам и ќе го кажам мојот став за сите три варијанти во оваа прилика.

Прво, сметам дека е добро, јас сум за, моето мислење е за и треба да се прифати предлогот на Владата за намалување на цензусот за избор на претседател на државата, пред се од оние причини кои беа веќе образложени, а како главна причина ќе го истакнам политичкиот момент што најголем приоритет на секоја држава е нејзините институции да функцинираат постојано, значи да нема блокада на институциите, да нема блокада во функционирањето на политичкиот систем на државата, исто така ќе се избегне и она што официјално но и неофицијално се говори, се коментира, се шпекулира дека има можност од евентуални политички договори, пазарења меѓу партиите во врска со изборот и за исполнувањето на цензусот, така што политичките партии и граѓаните навистина ќе бидат мотивирани, доколку се заинтересирани, за нивниот кандидат, односно за нивната политичка опција тоа да го направат низ кампањата на легитимен политички начин, низ програмата на сите оние средства кои се вообичаени при избори, агитирање при избори и убедување и придобивање на граѓаните да гласаат за тој кандидат или нивната соодветна опција.

Исто така, беше спомнато дека ако евентуално се намали цензусот, би се довел во прашање легитимитетот. Не го делам тоа мислење, затоа што легитимитетот само со цензусот не е услов и не може да се гледа така по таа логика или аналогија дека ќе се намалел. Имено, ако ние овде во Собранието како политички партии и пратеници, со 2/3, колку што предвидува и Уставот усвоиме еден ваков амандман за промена на цензусот, намалување или изоставување, ќе видиме која ќе биде конечната верзија, тоа што 2/3 од пратениците во Собранието или политичките партии во Република Македонија го менуваат Уставот со амандман, тоа всушност го дава и легитимитетот и од таму, каков и да е цензусот, претседателот на државата ќе го влече, има потполн и целосен легитимитет.

Исто така, сметам дека покрај тоа што нема да се блокира системот, институцијата, бидејќи тоа е приоритет на секоја држава, напротив, каков и да е цензусот, граѓаните слободно гласаат, кандидатите слободно можат да се кандидираат, политичките партии слободно можат да водат легитимна политичка кампања. Значи никој не ги спречува граѓаните да излезат, да гласаат и да се натпреваруваат кој повеќе гласови ќе добие, кој повеќе граѓаните ќе ги придобие за својот кандидат и за својата политичка опција. Значи не го прифаќам во контекст на ова ни аргументот, кој е повеќе популистички кажано од страна на опозицијата дека се врши споредба на изборот на функцијата или претседател на државата со изборот на градоначалници, бидејќи со тоа се омаловажува и институцијата претседател и функцијата претседател, а сметам дека и по аналогија ниту во политиката ниту во правото или единствено само по аналогија не можеме да ги решаваме проблемите. Затоа, мислам дека изолирано гледан овој пример, само по аналогија не држи, не е применлив. Тоа беше во рамките на она што го мислам сосема кусо за цензусот.

Ќе завршам со тоа дека ова е втора фаза и следи јавна расправа од 60 дена. Јас прифаќам дека треба да се разгледа, да се анализира и мислењето и предлозите на опозицијата, кои велат дека, колку што можам да проценам од дискусиите, би се согласиле со намалувањето на цензусот, што е добро, меѓутоа, бараат од друга страна сепак да се задржи одреден процент на цензус. Во ред, пред нас е јавната расправа и за тоа не би полемизирал, особено не со бројки, дали тоа ќе биде нула како што сега се предлага во овој момент, дали тоа ќе биде 1/3 или 1/4, во секој случај затоа е јавната расправа, треба да се разгледаат и мислењата на опозицијата, но и мислењата на експертите, мислењата на јавноста, граѓаните, невладините организации. Сите оние препораки треба сериозно да се анализираат и во третата фаза да излеземе со единствен предлог. Меѓутоа, во секој случај останувам на тоа што го реков на почетокот дека е добро да се намали цензусот за избор на претседател. Тоа е прифатливо и затоа тоа ќе го поддржам.

Сега сакам да го прокоментирам оној дел кој најавив дека не е дел на дебатата, бидејќи не е предлог на Министерството и Владата, меѓутоа политички се наметнува. Јас не би сакал од оваа тема во јавноста да отвораме посебна дебата, меѓутоа, од друга страна некои прашања, некои предлози и работи не можат да останат непрокоментирани, односно неодговорени токму заради граѓаните или заради јавноста.

Една од политичките партии од парламентарното мнозинство излезе со предлог во јавноста уште на собраниските комисии да се воведе институцијата потпретседател на државата, односно потпретседателот да биде Албанец. На оваа седница еден од пратениците од ДУИ истакна дека наводно лошо било тоа разбрано во јавноста, дека се залагале по автоматизам потпретседателот, доколку се прифати нивниот предлог, а сметам дека не треба да се прифати, да биде Албанец, дека не било тоа така, туку дека само требало да се воведе нова институција потпретседател. Како и да е, дали се работи за едниот или другиот случај, дали ова можам да го сфатам како ретерирање не е битно, во секој случај, моето мислење и како пратеник и

размислувањето во мојата партија е дека ова прашање не само што не треба да се прифати, туку и не треба да се отвора, не треба да се отвора ниту сега, ниту во иднина. Сметам дека институциите Владата и претседателот на државата, кои ја делат извршната власт се сосема добро позиционирани и поставени, сосема добро нивните ингеренции се јасно предвидени, дека нивниот меѓусебен однос и надлежности се добри и тоа е најголемиот или првиот и основен аргумент што тоа воопшто треба да остане вака, односно не треба да се прифатат таквите предлози ниту сега ниту во иднина и да се дебатира на таа тема.

Тоа е околу потпретседателот на државата, што уште еднаш сметам дека е неприфатливо, како што е исто така неприфатлив предлогот од една опозициона политичка партија, која не знам, и тоа е легитимно, меѓутоа, за жал се злоупотребува во политиката во одредени ситуации кога некој сака да поентира политички, не толку дека верува во тоа, дека може да се оствари или прифати, колку да го сврти вниманието на јавноста, односно да ги налепи и привлече политичките противници на дебата и со тоа да добие некој ситен поен, притоа не мислејќи претпоставувам сериозн дека нешто ќе се подобри во функционирањето на политичкиот систем и односот во институциите. Тоа е предлогот претседтелот на државата да го избира Парламентот, што е исто така неприфатливо, бидејќи тоа е одење назад, враќање назад. Тоа е понедемократски, бидејќи не може да биде подемократски непосредниот избор отколку посредениот избор што се прави во собранието. Исто така, и хипотетички ако се зборува за една ваква варијанта и во Собранието, каде што има пратеници од различни политички партии, може дебатата да се сведе или на политичко пазарење меѓу партиите, односно пратениците, што секако не е добро и не оди во прилог на легитимитетот на претседателот, што евентуално и би бил избран, а исто така отвора ризик, како и во претходната варијанта кога говорев за намалувањето на цензусот, затоа што сметам дека е добро, пред се поради тоа што ќе се избегне блокада на институцијата претседател, затоа што имавме и таков пример, повеќе од пратениците го споменаа. Имено, заради политички манипулации и игри во Парламентот, од разно разни причини, евентуално да не дојде до избор на претседател на државата. Значи поголем ќе биде и авторитетот на претседателот и легитимитетот на институцијата, но и на самиот кандидат, доколку тој е избиран директно од граѓаните на Република Македонија, отколку од Собранието.

Од сите овие причини, во оваа фаза апсолутно ќе го поддржам ваквиот Нацрт-амандман од Владата, со тоа што во врска со цензусот дали тој ќе остане, односно дали ќе се намали, уште еднаш ќе повторам, треба да ја почекаме јавната расправа, има различни размислувања, треба да се респектираат, имаме доволно време и треба со што поголем консензус и во Парламентот и во јавноста да излеземе, дали ќе биде 1/3, 1/4 или воопшто ќе нема цензус, во секој случај добро е да се намали заради причините кои ги образложив, треба да се прифати овој амандман, а имаме дволно време да дебатираме и од страна на експертите, од страна на граѓаните. Сечие мислење ќе биде добредојдено и се надевам дека низ јавната расправа Министерството за правда ќе изготви еден сублимат или анализа и ќе достави свое образложение во однос на ова прашање. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Сега има повеќе пратеници пријавени за реплика.

Прва за реплика се јави госпоѓа Митковска, повелете три минути.

**Милка Митковска:** Благодарам.

Не можам да се согласам со искажувањето на колегата Кондарко дека предлогот за избор на претседател од страна на Собранието не било предмет на расправа. Јас би го прашала тогаш што е предмет на расправа, дали продавање на демагогија или за уставни промени. Кога станува збор за уставни промени, токму тие уставни промени се во изборната легислатива, не се однесува на ништо друго.

Од друга страна, тој вели дека многу легитимно ќе биде ако го прифатиме амандманот со 2/3 и на тој начин ќе му дадеме легитимитет на претседателот. Јас мислам дека треба да водиме сметка и за тоа, за чувството на тој претседател кој ќе биде избран со многу мал цензус, како би се чувствувал тој. Начинот кој ние го предлагаме е многу полегитимен и го штити всушност легитимитетот на претседателот. Благдоарам.

**Љупчо Јордановски:** Благдоарам.

Една минута контра реплика господине Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Добро, госпоѓо Митковска, навистина не треба да се одговара на вава реплика. Како можете да тврдите дека нешто е предмет на расправа кога во официјалните документи доставени како Нацрт-амандмани такво нешто не постои. Јас реков легитимно од политички аспект се отвора, тоа е ваше мислење, јас не го прифаќам и вие не можете да го промените моето мислење, што претпоставувам не го ни прифаќате. Во текстот на Нацрт-амандманот тоа не постои, а претпоставувам тоа е од политички причини лансирано од вашата партија во јавноста за да се поентира како што образложив, на некои теми да се навлече политичкиот противник и да се создаде некоја атмосфера повеќе да се измешаат картите, претпоставувам, отколку што мислите дека нешто ќе подобрите или ќе постигнете некој ефект. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Алити, имате реплика, повелете три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател.

Пратеникот кој учествуваше и на Комисијата за политички систем не го запамтил предлогот кој го

дадов јас, а тој го коментира така како што сака да го коментира. Ниту еден пратеник од ДУИ не излегол со предлог да каже дека потпретседателот треба да биде Албанец. Ние предложивме со овие измени на Уставот претставникот на Министерството или министерот да направи корекции и покрај претседателот, на избори да имаме и избор на потпретседател. Не сме предложиле дали да биде Албанец, Влав или припадник на некоја друга етничка заедница. Затоа, воопшто немате право господине Кондарко во оваа насока во однос на тоа дека идниот претседател ќе има поголема легитимност, доколку се намали или нема да има консензус. Мислам дека тоа се зборови за деца, бидејќи и вие многу добро знаете, бидејќи се занимавате со политика дека интерес на институцијата претседател, на тој што ќе биде избран за претседател е на гласање да излезе што поголем број на гласачи, значи да гласаат и претседателот да има целосен легитимитет. Жалам што ќе кажам, но во минатото на Република Македонија еве во два мандати имаме можност, од позицијата или опозицијата, повторно не говорам за граѓаните, овде да има обраќање со зборовите или иницијалите БТ, БЦ и тн. Чиј е овој интерес, се поставува прашањето и токму поради ова мислам дека Владата би требало добро да размисли во оваа насока кога предлага една толку голема измена од интерес за земјата. Навистина, тука повторно ќе нагласам, да го увидат интересот на граѓаните сите пратеници кои се во ова Собрание.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Кондарко.

Имате една минута господине Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Господине Алити, прво, никој , без разлика на се, јас го кажав и во мојата дискусија каков и да е цензусот никој не ги спречува граѓаните да излезат, ниту пак политичките партии да ги мотивираат граѓаните низ кампањата, програмите на кандидатите и слично да излезат во што поголем број. Тоа е добро и на таков начин треба да се натпреваруваме на избори.

Втора работа, еве да го прифатам и вашето објаснување дека вие говорите за институција потпретседател.И да е така јас ги кажав аргументите дека за нас е неприфатливо воведување на институцијата потпретседател и не може да биде аргумент за воведување на таа институција дека Ќе се зголемел одзивот на граѓаните. А, бидејќи зборувате за интерес, да не си играме овде ребуси, да ве прашам кој е вашиот интерес, за што сте политичар, ако предлагате ваква институција, да не биде тој.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски имате три минути реплика.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван Кондарко, јас ќе се сложев со вас доколку со почетните ваши ставови каде што кажавте дека за некои тези не треба да говорите, пртпоставував дека и не треба да ги говорите. Значи, потпретседателот дали ќе биде албанец и дали воопшто ќе има таква работа, мислам од Владаа таков предлог нема и за тоа нема што да дискутираме. Во однос на она што кажавте дека никој не ги спречува граѓаните, сега ќе ве запрашам се ова што се одвиваше досега се случувало дали некаде има 0%, некаде има 105%. Сега, дали некој ги спречува или ги тера граѓаните или пак нешто друго се случува, сето тоа доведува до она што сите го знаеме и до овие иницијали за кои што говориме БЦ,БТ и не знам уште кои не . Значи авторитетот и легитимитетот не се добива така , а доколку се постигне воопшто да не постои цензус, тогаш не изедначување со градоначалниците, туку мислам дека претседател на држава за кој би гласале 100 или 150 илјади граѓани на оваа држава , апсолутно не би требало да биде претседател. И, тука дали ќе работи институцијата претседател, треба да се мисли пред тоа и да се натераат граѓаните да го остварат своето право на начин на кој што ние ќе овозможиме фер и демократски избори. Ова што сега се случува мислам дека и самиот настап на Владата со овој амандман кој што ни е предложен, за кој што во првата фаза апсолутно не се разговараше е начин на кој што претседателот и понатаму уште 2, 3 амандмани на кои што претседателот ќе ја зајакне својата позиција во Република Македонија. Мислам тука апсолутно нема ништо од сето ова и затоа цензусот е важен услов. Но, од друга страна за овие две работи воопшто не сакам да дискутирам, се додека не станат предлог на Владата по кои што ние тука ќе разговараме. Не очекував дека така ќе говорите, а дали некој ги тера или не граѓаните, тоа најдобро го знаеме сите ние, кои на денот на изборите на последните претседателски избори добивме дека ливчето не може само да стигне до кутијата и уште не знам колку такви пораки, за кои сеуште не се знае кој и каде ги испраќаше. Но, во секој случај беа испратени и не видовме зошто и како некој сега има или нема авторитет и легитимитет пред македонската јавност. Сепак, времето ќе го каже своето. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Господинот Агим Џелили има три минути реплика.

Повелете господине Џелили.

**Агим Џелили:** Благодарам господине потпретседател.

Почитуван господине Кондарко, во однос на предлогот за потпретседател не знам зошто правите толку јавна опструкција за оваа идеја, од причина што според вас некој има право да иницира уставни промени, додека на другиот му го спорите тоа право. Значи, некому давате право, некому му земате право. Тоа го правите без да се анализира овој предлог и без да се слушне јавното мислење на за ова. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џелили:

Борис Кондарко има една минута контра реплика.

Повелете господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Одговорот на репликата е едноставен. Ниту јас тоа го направив, ниту имам право, ниту си го дозволувам тоа и не ми паѓа на памет јас некому да давам право, некому да скратувам право, туку едноставно кажав дека демократски во една политичка дебата моето мислење јавно со соодветни аргументи. Тоа е тоа и на тоа јас имам право,како што вие не можете да ги одземете тоа право.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кондарко.

Има збор пратеникот Блаже Стојановски.

Повелете господине Стојановски:

**Блаже Стојановски:** Почитуван потпретседателе, почитувана министерке, почитувани пратеници.

Овој амандман претставува изненадување во целокупната постапка околу уставните измени затоа што целта на уставнивте измени беше реформи во правосудството, создавање на зголемена самостојност, независност, ефикасност на судството. Меѓутоа, овој амандман апсолутно нема допирни точки и се сака единствено да се искористи процедурата на уставни измени, со цел да се имплементира препораката на ОБСЕ како меѓународна институција, организација која што има согледано дека цензусот за избор на претседател е висок и тоа е она што фактички стои во нивните препораки.

И во самото образложение на Владата е наведено дека основната причина е тоа, затоа што ОБСЕ бара и ви препорачува на властите во Република Македонија да се намали цензусот кој што е висок. Меѓутоа, ОБСЕ никаде не вели дека цензус не треба да постои, не го определува нивото на тој цензус, што значи дека легитимитетот треба да се дефинира преку цензус кој што ќе биде одреден, а и кој што ќе значи некаков легитимитет на претседателот на државата.

Од друга страна изборот, предлогот за избор на претседател на државата од страна на Собранието значи само верификација на она што постоеше и досега, а тоа е избор на претседател на држава како договор помеѓу политичките партии и договарање на контигенти и гласови кои што би гласале заради одреден пазар или одредена цена која што ќе се договори во политичките договори за одреден претседателски кандат. Значи, фактот што тој договор би се пренел од влијание или под групно гласање со колективно гласање, гласање со влијание и од страна на институциите на системот, но и од страна на сите политички партии кои што учествувале во тие политички договори ќе значи директно нарушување на изборниот процес односно директно влијание на неможност за спроведување на фер и демократски избори. За да имаме фер и демократски избори, начинот на избор на претседател мора да биде произлезен или директно од граѓаните без политички договори со авторитетност на кандидатите кои што ќе бидат потврдени преку волјата на гласачите на избори или преку Парламентот врз основа на политички договори кои што ќе значат голема подршка и на позицијата, меѓутоа и на опозицијата и затоа се предлага 2/3 мнозинство како начин за избор на претседател кој што ќе биде политички верифициран за претседател на државата врз основа на неговиот авторитет потврден од страна и на позицијата и на опозицијата. Тоа е идејата. Во таа смисла овој предлог кој што е даден за избор на претседател на државата од страна на Собранието вреди да се размисли и да се видат сите оние аспекти, кои што ќе значат создавање на една позиција на претседателот на државата во која што тој ќе има позиција во која ќе се избегнат можностите за конфликтност, пред се, со Владата на Република Македонија. Затоа што, ингеренциите кои ги има претседателот на државата и ингеренциите кои ги има Владата на Република Македонија односно оделни министерства во Владата, пред се, тука мислам на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, директно значат судир на надлежности кои постојано продуцираат судири помеѓу претседателот на државата и Владата, а кои имавме искуство да ги видиме во различни периоди од овие години наназад после осамостојувањето на Република Македонија. Значи надминувањето на таа состојба, пред се, ќе значи и неможност за коабитација, туку многу прецизно дефинирање на оние надлежности кои ги има претседателот на државата, а кои што нема да бидат во судир со ингеренциите кои што ги има Владата на Република Македонија. И сега имаме една ситуација во која што претседателот на државата да кажува дека на срце ми лежи СДСМ, а од друга страна имаме претседател на СДСМ како претседател на Владата на Република Македонија и во услови на недефинирани ингеренции , иако и двајцата, претседателот на државата и претседателот на Владата се претставници на иста политичка партија, сепак ние можеме да зборуваме за коабитација на овие две институции во овој момент во Република Македонија. За да се избегнат овие проблеми, сметам дека потребн е во рамките на овие уставни измени да се размисли и во насока на поконкретно дефинирање на овие надлежности со цел да се избегне тој судир помеѓу претседателот на државата и Владата на Република Македонија.

Понатаму, кога зборуваме за цензусот од 51 или 50% плус 1 гласач како услов за излезеност на гласачите при изборот за претседател на државата во вториот круг, не можеме а да не зборуваме и за девалвираноста на тој цензус кој што го имавме во двата изборни циклуси за претседател на Република Македонија. Затоа што, девалвирањето на тој цензус најексплицитно или најсилно се виде во текот на изборите во 2004 година, кога од 43% наеднаш излезеноста се

искачи на 53%, што значи не зависи од излезеноста на гласачите, туку од оној кој што ги брои тие излезени гласачи и на тој начин се доведува во прашање изборот на претседател на државата. Тоа од друга страна доведува до условување на претседателот и со граѓанин и со лице, меѓутоа од друга страна тоа значи не заради самиот процент, туку заради начинот на кој што е избран, а тоа е полнењето на кутии, групното гласање, непостоење на фер и демократски начин на избор на претседател на државата, што претставува суштински проблем во Република Македонија. До колку овие проблемми се надминат, навистина, сметам дека цензусот може да биде предмет на разговор само како израз на довербата на граѓаните кон политиката и кон политичарите, а не како проблем во смисла на изборот на претседател на државата.

Понатаму, кога зборуваме за договарањето на контигенти гласачи , кога зборуваме за понењето кутии за групното гласање , мора да спомнеме една ситуација која што ни се случува повеќе пати и на парламентарни, локални, и на претседателски избори, а тоа е користењето на невладините или граѓанските организации во функција на одредени политички партии со испраќање на пораки од типот гласачките ливчиња не можат да одат сами до гласачкото место итн, што директно го нарушува целиот изборен процес и се доведуваат во прашање изборите и оценките за изборите кои ги даваат релевантните меѓународни институции. Впрочем и ова препорака за намалувањето на цензусот за избор на претседател произлегува и од овој дел кој што беше присутен во текот на претседателските избори во 2004 година.

Затоа, сметам дека прашањето кое што треба да го решиме денес не е прашање само на цензусот, не е прашање само на легитимитетот на претседателот на државата, туку е пред се прашање на демократските односи во Република Македонија. Прашањето на политичката волја за спроведување на фер и демократски избори во Република Македонија, прашањето на создавање на силни гаранции за спроведување на избори кои што ќе значат не само броење на гласовите и исполнување на одреден цензус некој да биде избран за претседател и потоа барања за признавање на тие избори од разни организации, туку напротив треба да биде главна цел одржувањето на фер и демократски избори, создавање на еден политички консензус од страна на сите политички партии за директно влијание за надминување на проблемите кои што ги имаме во сите досегашни избори и на тој начин создавање една доверба и во институциите на системот и воопшто на политиката од страна на граѓаните на Република Македонија. Затоа што, на ваков начин на кој што се поставуваат работите, мислам дека формално гледаме на граѓаните на Република Македонија само како бројка која што треба да излезе на гласање да гласа , да се гласа за одредени ветувања кои што важат само во изборната кампања, а после тоа се заборава на тие ветувања. На тој начин изборот за претседател на државата се сведува само на некаква политичка математика, која што ќе значи тргање на едно лице од еден државен орган во друг, или поставување на лице кое што е прифатливо за едни политички партии или за други политички партии. За да се надминат сите овие ситуации, мора да се води грижа за постоење на цензус, мора да се води грижа и да се размисли околу можноста Собранието да врши избор на претседател на државата, како и да се води сметка и за начинот и подршката која што треба да ја има претседателот при неговото предлагање , бидејќи сметам дека на тој начин многу порано ќе може да се утврди авторитетот на кандидатите за претседател и граѓаните да имаат поквалитетен избор при гласањето на претседателски избори. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Витановски Јанаќе.

Не е тука.

Има збор Најдовски Слободан.

**Слободан Најдовски:** Почитувана министерке, почитувани колеги пратеници.

Сакам да го изнесам своето мислење и мислењето на пратеничката група на ЛДП по ова прашање кое што за разлика од повеќето амандмани кои што ни се поднесени и поминуваат со помала расправа кои што се, би рекол, многу постручни, ова прашање многу повеќе задира во сверата на политичкото дискутирање и се плашам и имам чувство дека преминува дури во политиканство.

Сакам да го изнесам своето мислење по неколку прашање кои што беа отворени.

Првото прашање е дека амандманот кој што денес ни е предложен со нацрт амандманите, не беше воопшто не беше предложен и прашањето не беше поставено кога беше расправата по иницијативата за измена на Уставот, Точно е дека тоа не беше поднесено од страна на Владата, но да се потсетиме често пати ние пратениците знаеме да кажеме дека Владата и било кој друг иницијатор не ги почитува мислењата искажани во дискусиите на пратениците. А, само потсететесе на онаа седница која што ја расправавме за иницијативата за уставните амандмани. Имаше некои од пратениците кои токму го покренаа ова прашање и побараа во измените кои што ќе следат односно во нацрт амандманите едно од прашањата , кои ќе бидат третирани со нацрт амандманите, ќе биде и прашањето за укинување на цензусот за изборото на претседател на државата. Така, слободно можеме да кажеме дека тоа е потекнато токму од овој Парламент од нас пратениците.

Пред се, сакам да кажам дека целосно го подржувам предлогот за укинување на цензусот при избор на претседател на Република Македонија во вториот круг, макар што не ни е далечна и варијантата околу 1/3 која што господинот Караџоски ја предложи и ВМРО-

Народна како едно размислување за цензус, доколку понатаму се размислува за тоа ако ова денес не помине, на изгласување. Сум за укинување на цензусот од неколку , би рекол, причини. Ако ја погледаме досегашната изборна практика во Република Македонија ќе воочиме прво најголемата негативност и најголемите пробелми, кои што воопшто без разлика дали се работело за претседателски избори, за локални избори, за парламентарни избори, најголемите проблеми секогаш ни се јавуваат кога имаме мнозинско гласање односно поранешниот систем на избори на пратеници и избори на градоначалници. Ние, барем досегашната практика покажала , системот и начинот на организирање на изборните постапки не е секогаш соодветен, но секогаш имаме проблеми кога се работи за личности, кога се работи за избирање на мнозинскиот начин на избори, а скоро и да немаме проблеми никкогаш при избор на пропорционални листи како за пратеници, така и за листи на советници.

Сметам дека изборот на претседател во вториот круг безпотребното мнозинство излезени од вкупниот број на гласачи е прифатливо од неколку причини.

Прво треба да појдеме од фактот дека во Република Македонија, како сакаме да ги наречеме тие 200 илјади гласачи, никогаш не излегуваат. Ние немаме право да им го успориме правото на гласање на државјаните на Република Македонија, или граѓани, кои што имат право на глас, кои не се присутни во државата, односно не излегуваат на гласање. Тоа е едно од прашањата.

Второ е кое што произлегува од практиката, за што овде имавме и некои разговори, тоа е прашањето од можноста за бојкот на изборите, не само на некоја од етничките заедници, туку и на некоја од поголемите политички партии или коалиции.

Треба да појдеме од фактот дека една од политичките коалиции во Република Македонија ако донесе став, имајќи предвид начинот на политичко дејствување во Република Македонија и приврзаноста кон партиите и ставовите на партиите, автоматски мораме да бидеме свесни дека ние не можеме да извршиме избор на пртседател во Република Македонија.

Следното прашање е меѓу партиските политички условувања, кои што се својствени за периодот изминат при избор на претседател на Република Македонија. Ние мора да погледнеме на вистината во очи и дека сите избори до сега не се соочиле со тој проблем, меѓу партиски, политички, условувања.

На крајот, уште една причина треба да бидеме свесни уште за една работа дека како одминува врермето во Република Македонија така ќе се намалува интересот, не само кај нас еве, погледнете ги сите кои што произлегоа од оној стар социјалистички систем, се намалува заинтересираноста за гласање. Ако во првите години го имавме романтичарскиот приод кон гласањето, се повеќе спласнува интересот на граѓаните.

Поаѓајќи од тие четири причини по мене кои што битно ќе влијаат на понатамошниот избор за претседател на Република Македонија сметам дека овој амандман треба да го прифатиме.

Имаше интересни размислувања и ме поттикна уште еднаш да размислам дека уште поцврсто да застанам пред предложениот амандман, а тоа е прашањето на односот на малцинство и мнозинство во гласањето, тука не мислам само за малцинство и мнозинство на гласање по етничка линија, туку малцинство и мнозинство при гласањето заради политичко партиска припадност. Така да имавме размислувања дека не би можел да бидам зааинтересиран да излезам на избори, ако знам дека нема цензус и дека мојот глас не е толку битен за избор на претседател. Можеби и така да гледаме, меѓутоа од друга страна можеме обратно да го поставиме прашањето. Вие 10 нема никогаш да изберете претседател, заради тоа што јас еден сум единаесетти кој што секогаш ќе ве условувам дали ќе изберете претседател на државата или нема да изберете.

Од тој аспкет, велам и прашањето на мнозинството и малцинството го поставува односот при избор на претседател, повторувам уште еднаш, не само по етничка линија.

Би сакал, со оглед на тоа што се отвори прашањето и околу изборот на претседател на државата во парламентот, да го изнесам своето мислење. Енергично сум против таквиот начин на избор на претседател на Република Македонија и сум граѓаните непосредно да изберат претседател на државата. Тоа ќе го кажам од неколку причини: Единствената предност на таквиот избор на претседател би било тоа што би ја чинело државата поефтино, и второ, тоа што некој, како што вели еден мој пријател, што некого граѓаните никогаш не би го избрале за пртседател во меѓу партиски спетки и договори во парламентот, може да стане претседател на државата.

Од тие причини, само таа е единствената предност. Би сакал да зборувам со некоку реченици за негативноста од таквиот пристап.

Прво, тој пристап, тој начин на избор за претседател во Република Македонија не е добар, заради партиски комбинаторики и заради тоа што изборот за претседател на државата во тој случај исклучиво би бил резулатат на меѓупартиски договори за сметка на кои, ќе имаме други условувања за одредени донесувања на одредени законски решенија, или одредени кадровски решенија. Така да, кадровското решение за избор на претседател на државата во Парламентот ќе биде исклучиво поврзана со други кадровски комбинаторики во државата, кои што може да имаат страшно негативен ефект.

Имајќи ги предвид и искуствата во Република Македонија од меѓу партиските договарања во

рамките не само на овој Парламент, туку и во изминатите состави на парламентот не сме далеку од опасноста при избор на претседател во Парламентот да дојдеме во ситуација до брзо менување на претседателот на државата, или подолг период воопшто да не можеме да избереме претседател. Тоа мора да си кажеме е својствено за парламентарните состави досега во Република Македонија и заради тоа сметам дека сеуште во Република Македонија, барем во овој момент, ние кај политичките партии немаме демократска свест за еден таков пристап на избор на претседател.

И на крајот навистина, сум изненаден, ќе повторам сум изненаден за скоро идентичниот став помеѓу ДУИ и ВМРО ДПМНЕ по однос на ова прашање, со оглед на тоа што одредени колеги од ВРМО Народна, барем по одредени прашања имаат различни размислувања. Навистина, ми е доста чуден таквиот заеднички пристап кој што во еден иден период, претпоставува одредени условувања и договарања.

На крајот би завршил дека сметам дека ваквиот амандман треба да го поддржиме и со оглед на тоа што уште повеќе го поддржувам, што беше иницииран од расправата во Парламентот која ја водевме по иницијативата.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски, повелете имате три минути реплика.

**Блже Стојановски:** Благодарам претседателе, сакам да реплицирам во делот кој се однесува на избор за претседател на државата, од страна на Собранието и разликите кои што се однесуваат за изборот, како што се вршеше досега со цензус од 50%, или со помал цензус како што се предлага од Владата.

Тука би сакал да го истакнам фактот дека и досега претседателите на Република Македонија се избирани со политички договарања. Зарем господинот Бранко Црвенковски не беше избран со одобрение и поддршка од Али Ахмети. Неговиот избор исто така е резултат на политички пазар кој што го гледаме дека се релилзира и денеска.

Од друга страна, она што се предлага за избор на претседател на државата од страна на собранието значи има огромна разлика од она што беше до сега. А тоа е, зголемена поддршка, двотретинско мнозинство од многу повеќе политички партии, вклучувајќи и опозициони политички партии, кои што ќе значат почитување на авторитетноста, на личноста на претседател на Република Македонија кој што треба да биде избран од страна на Собранието. Тоа е аргументот кој што го истакнував и во моето излагање и тоа е оној аргумент кој што вие не сакате да го прифатите од незнам кои причини. Затоа сметам дека за тоа вреди да се размисли, за начинот на избор на претседател од страна на Собранието, треба да се размисли, истовремено, вклучувајќи го и тоа што го кажав претходно, утврдување на точните негови ингеренции, кои што нема да продуцираат судири од типот Црвенсковски - Бучковски.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Не знам што ви значи ова последното, но нека ви е како политичка пропаганда.

Повелете господине Најдовски една минута.

**Слободан Најдовски:** И во својата дискусија и сега сакам да избегнеме од расправа која што ќе тргне од моментални состојби и од одредени персоналитети. Но веќе кога зборувате, иако немам никаква намера да се ставам во одбрана на постојниот пртседтел, претседателот на државата изгуби од сите македонски општини, така да речам во наводници, само во Свети Николе. Така да, таа теза не ви држи, но и во вашата реплика вие не успеавте господине Стојановски да ме убедите дека изборот на пртседател во Парламентот би бил подобар од изборот кој што би го направиле граѓаните.

**Љупчо Јордановски:** Господине Алити имате три минути реплика, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател, навистина би било добро пратеникот Слободан Најдовски да каже за што мисли, кога рече полесни или потешки зборови. Би било добро да објасни до крај во однос на ставот, што го спомна ДУИ. Мислам дека од почеток ние имаме јасен пристап и доколку мисли во коалиции и други работи воопшто не држи тоа, но е нормално, некогаш независно пратеникот дали е од позиција или опозиција, или од разни партии да имаат заеднички интереси.

Јас мислам дека заеднички интерес на сите политички партии, но и на вашата партија е на претседателски избори да излезат што поголем број на граѓани да гласаат. И пртседателот да има легитимитет, целосен легитимитет да ги застапува граѓаните и својата држава. Нашиот пристап е во оваа насока. Јас и мојата партија нема да се занимваме со тоа што пишувале весниците изминативе денови, или медиумите како го коментираа нашиот предлог, но мислам дека политичките партии треба да имаат добри и вистински анализи и подлабоки, зошто ние предлагаме да се воспостави институција потпретседател на држава. Би било добро во оваа насока повеќе да елаборирате господине Најдовски. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Најновски, имате една минута реплика.

**Слободан Најдовски:** Пред се, вопшто не го оспорувам правото на некој да размислува на свој начин и да го каже своето потесно гледиште по одредено прашање Господине Алити, јас воопшто не го спомнав прашањето за потпретседател на државата и воопшто за тоа не разговарав. Во мојата дискусија јас само искажав зачудување за она што ви се усогласуваат ставовите со ВМРО-ДПМНЕ по однос на прашањето за избор на претседател на државата. Воопшто не го го ни коментирав прашањето за потпретседател на

државата. Инаку, кога сега веќе го отворате тоа прашање, лично сум против тоа.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Бонева имате три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега Најдовски, очигледно воопшто не сте слушале кој е ставот на ВМРО ДПМНЕ. Нашиот став е сосема различен од ставот на ДУИ. Ние не ги менуваме нашите ставови. Остануваме на ставот кој што го имавме уште во првата фаза на разгледување на Уставот, кога дадовме согласност за промена на Уставот само во делот на успешното спроведување на судските реформи, во контекст на подобрување на ажурноста, ефикасноста на судството, меѓутоа, и зацврстување на независноста на судството. Токму од тие причини сме против отворање на Уставот во делот за претседателот. Значи, воопшто немаме идентичен став со ДУИ.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Не знам како да ја сфатам репликата на госпоѓа Бонева. Нивниот став на ВМРО-ДПМНЕ досега беше дека се против било какви измени на Уставот и по однос на прашањето за судовите. Бидејќи, колку што јас следам, а мислам дека доволно следам, тие излегоа со став дека сметаат дека проблемите во судството можат да се надминат единствено, едноставно со промени во законите кои што ја регулираат оваа сфера. Сега слушнавме друг став, а од друга страна вели дека немаат променето гледиште. А по однос на прашањето зза кое што јас дискутирав, госпоѓо Бонева, вашите колеги пратеници изнесоа идентичен став со ДУИ. Тука не е ништо чудно, но јас реков дека ми е зачудувачки. Не е ништо лошо што вие имате со ДУИ идентичен став. Нема ништо лошо во тоа, но чудно е зошто така постабувате.

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули имате збор.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе,

Иако согласно Деловникот за работа на ова Собрание член 204, претресот во Собранието, кога зборуваме за Нацрт амандманите, се води по текстот нацртот на секој амандман одделно и можат да се дадат мислења и предлози. Духот на тоа кажува дека треба да бидеме и концизни и конкретни, но за жал, тоа важеше за првите два амандмани. Сега апсолутно, влеговме во една политичка дебата, од која што незнам како ќе излеземе.

Очигледно, амандманот што е надвор од уставните измени што се однесуваат за реформите во судството им даде можност на политичките партии да си ги кажат своите ставови, иако некои, гледам и си ги промениле во текот на расправата на комисиите.

Прво, во интерес на јавноста сакам да кажам дека овој амандман се однесува на цензусот во вториот круг. Тоа нико до сега не го спомна, незнам дали се подразбира, беше да се добие впечаток дека се однесува на вториот круг, а Владата ги прифати сугестиите на Канцеларијата за демократски институции и човекови права од ОДХР во рамки на ОБСЕ кои доаѓаат во Република Македонија на покана на Министерството за надворешни работи се мониторинг за време на изборите. За жал, сега го нема господинот Блаже Стојановски да му го покажам извештајот, бидејќи не знаеше каде го пишува тоа, еве го извештајот, после може да го погледне, а знам дека го има тој извештај, затоа што еднаш го цитираше кога нему му одговараше, одредени делови од него, но сега очигедно, делот што се однесува, ќе го цитирам точно, на препораките за измена на законодавството, во овој случај е Уставот, не наоѓа плодна почва за неговиот политички маркетинг и за тоа не го ни спомнува.

Мораме сите политички партии да бидеме свесни дека во процесот на преговори, или во процесот на добивање позитивно мислење, едно од клучните работи на кој начин државата е кадарна да ги организира изборите и не е за потценување, она што како извештај ќе стигне до Европската комисија по различни канали, вклучувајќи една релелвантна институција, како што е канцеларијата за демокртски институции и човекови права.

Еве што тие во својот извештај за пртседателските избори на 14 и 28 април 2004 година напишале во делот на услови пред одржување на изборите, во делот на законодавната рамка се вели цитирам: "Условот пропишан со Уставот дека мнозинството регистрирани гласачи треба да го дадат својот глас во текот на вториот круг е особено проблематичен. Не само што прагот на одзивот во текот на вториот круг може да создаде можност за неуспешни избори, туку тој може да доведе и до ограничен број на повторни избори. Да бидам искрен, ќе го дочитам овој до крај, дополнително на ова, условот за постигнување на прагот на одзив, може да влијае врз обидите за подигнување на одзивот по пат на недозволени мерки, вклучувајќи и притисок врз гласачите и дури манипулација во гласањето.

Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОДХР ќе препорача и тоа во правната рамка број 1 "Со Устав пропишаниот услов повеќе од 50% од регистрираните гласачи да го дададт својот глас во вториот изборен круг, треба да се отстрани за да се избегне можноста за неуспешни избори. Исто така треба да се разгледува можноста за изменување на условот со кој, за да се постигне победа кандидатот мора да ги добие гласовите на повеќе од 50% од регистрираните гласачи". Сосема е природно во процесот на приближување кон Европската унија, каде изборното или со измените на изборното законодавство, или подигнување на квалитетот на изборното законодавство да биде еден од приоритетите на Владата на Република Македонија, се со цел да го подигнеме нивото на позитивни оценки по различни сегменти, пред добивањето на конечниот одговор на

прашалникот и мислењето на Европската комисија. Затоа мислам дека е добро сите повлитички партии да го признаат тоа што е реалност на теренот. Изборите во еден круг се и поефикасни и поефтини, се избегнува голем број на пробелми и може само да направат подобрување или да придонесат за зголемување на демократскиот капацитет во Република Македонија. За жал, реков денес најмалку зборуваме за овој текст на амандман што тука ни е даден, туку се обидуваме со различни политички настапи да дадеме негативен тек на еден процес за кој сите сме свесни дека овие измени на уставните амандмани треба да ги донесеме оваа година. Слушнавме, реков, дури толкава контрадикторност, слушнавме што и пратеничката Силвана Бонева кажа односно даде подршка на намалување на цензусот, а на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, на 28.07. истакна дека прашањето што се однесува на избор на претседател не беше содржано во Предлогот за пристапување кон измени на Уставот,како и дека намалувањето на цензусот за избор на претседател, може да го доведе во прашање легитимитетот на избраниот кандидат. Тука имаат апсолутно ист став со ДУИ, тоа што сте го кажала на 28 јули. До колку сега сте го промениле тој став, тоа е во ред.

Она што е битно во овој момент е дека никој овде што зборуваше, објаснувајки ги причините, одредени политички партии побараа да се повлече амандманот, одредени политички партии рекова дека нема да гласаат, но сите, причина тоа да го кажат, го користат цензусот. Затоа јас сакам да апелирам, бидјеки и од редовите на СДСМ неколку пратеници сметаат дек анекој минимум на ценззус треба да има, да и дадеме шанса на Владата да опстои на овој амандман, тој амандман да се појави но не со овој текст, тој амандман да се појави во јавната расправа, јавната расправа да ја дефинира фамозната бројка, дали е третина, 40%, нула или 50%. Тогаш кога ќе се сублимираат сите мислења од политичките партии, овде дебатата што ја имавме во Собранието, Владата ќе се појави со амандман кој, сигурно сите знаете, треба да има подршка од 80 пратеници и сигурно во тој момент нема да ризикува да оди фронтално, дирекно на она што беа различни мислења искажани во собраниската сала или во јавноста. Затоа би сакал да ве замолам сите, да му дадеме шанса на амандманот, расправата да ја определи бројката и потоа да дојдеме овде во Собрание или Владата да дојде во Собрание со еден нов текст. Инаку ако сакаме да зборуваме за бојката, таа бројка може да е релативна. Бројката на 50% излезени, па мнозинството, може да биде многу помала од една третина и тогаш можеме да дебатираме за легитимитет. Но, она што е неспорно е дека легитимитетот е кај граѓаните и тие треба да ја дадат подршката на личноста што сакаат да ја персонифицираат како претседател на Република Македонија. Затоа се согласувам со коелгата Најдовски кој кажува да не зборуваме за познати случаеви. Градиме едно моедерно демократско општество, сакаме да се приближиме кон Европа, многу реформски потези влечеме, да зборуваме за иднианта, а не да сме оптоварени со тоа што ни се случувало во минатото. Овеи законски решенија се однесуваат на едне повисок демократски степен во една држава и така да зборувам, зборувајки за иднианта.

Тука кога говорам за легитимитетот на граѓаните, тоа е причината што за мене е неприфатливо Собранието да биде тоа што ќе го избере претседателот на државата. Граѓаните, реков, сакаат да се поистоветат со својот претседател, сакаат да се препознаат со својот претседател и во меѓународната комуникација посебнокако ќе ги претставува и тие да гласаат за него. Секако забелешките што стојат, или оние проблеми што се јавувале порано, очигледно ја намалуваат потребата, сите политички партии сме свесни за тоа дека треба да дојде до намалување на цензусот, но некој праг треба да постои. Затоа да дадеме шанса, да кажам уште еднаш, да дадеме шанса на јавната расправа да ја понуди фамозната бројка околу која ќе се согласат сите политички партии или експерти и различни мислења во Република Македонија. Од тие причини, од причини што препораките за намалување или укинување на цензусот доаѓаат од релевантни фактори кои го оценуваат нашиот степен на способност или кадарност да организираме избори, одат во тој прилог.

Пратеничката група на СДСМ ќе го прифати овој амандман, ќе гласа, а јас уште еднаш ќе апелирам, гласајки за овој амандман, не ја дефинираме конечната верзија на текстот, напротив даваме шанса јавната расправа да ја одреди границата која ќе биде некоја прифатлива граница во однос на легитимитетот на граѓаните, што реков апсолутно треба да биде во раце на граѓаните, а не овде во Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Повелете господине Стојаноски три минути реплика.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине Јордановски.

Навистина господинот Макрадули не ме изненади воопшто кога кажа дека пратеничката група на СДСМ ќе го пдоржи овој амандман. Ако беше поинаку, навистина ќе бев изненаден. Меѓутоа, ме изненадува како во континуитет ги чита препораките на ОДХР така како нему му одговара затоа што од она што го прочита, јас би го прашал, во тие препораки на ОДХР што бе апрочитани, каде пишува дека нема потреба од било каков цензус, туку пишува дека имапотреба од менвуање на постоечкиот цензус кој во досегашната пракса за претседателстки избори се појави како пречка за обезбедување на тој цензус, што значи дека граѓаните ја изгубиле довербата во политичарите или гледаат дека немаат избор од понудените кандидати што ќе значи излезеност на гласачите и зголемена подршка на кандидатите коис е кандидирале на изборите. Од овие причини мислам дека наведувањето дека

вољата на граѓаните била почитуван апри изборот на претседатели во досегашните избори, воопшто не држи и она што се однесува на изборот на претседател од страна на Парламентот, би било само верифиакција на политичките договарања и намалување на заложништвото на претседателот на државата, пред се од албанските гласови, затоа што групното гласање што и според нивни зборови таму претставувало традиција, значи нарушување на авторитеот на претседателот на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Макрадули имате една минута контра реплика.

**Јани Макрадули:** Господине Стојаноски јас не очекував дека вие нема да излезете од вашата прва матрица, но морам да изразам жалење што вие како член на Работната група не ги следите препоракtие на ОБСЕ и очигледно ќе имаме проблем во дефинирањето на изборното законодавство.

Еве на страна 28 од Извештајот на ОБСЕ се вели: "Со Устав пропишаниот услов повеќе од 50% од регистрираните гласачи да го дадат својот глас во вторито изборен круг, треба да се отстрани". Значи "менува" можеби на Прилепски, ама "отстрани", и така како што пишува, треба да се тргне. Јас не можам да сватам како, вие како член на Работната група не ги следите препораките на ОБСЕ. Очигледно го минирате процесот.

Ви реков и овде на страна 5, прочитајте што пишува тука. Кажува дека тој е проблематичен. Очигледно вие не сакате да излезете од вашата матрица која е стандардна. Кажувате невистина на почеток, потоа неврзана дискусија што нема никаква поента и една политичка реклама на крај и така го завршувате настапот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Три минути госпоѓа Бонева.

Повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега Макрадули немам намера да повтроувам по којзнае кој пат, кој е нашиот став по однос на амандманот за избор на претседател. Има аудио и видео записи од работата на Комисијата за политички систем и таму во оригинал ќе го слушнеме ставот и мојот личен и ставот на партијата ВМРО-ДПМНЕ, или пак земете си ги дневните весници кои буквално го пренесоа ставот на партијата и мојот личен став во исто време, а не тука да читате од Извештај каде целата дискусија по амандманот е сведена само на четири реда.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Макрадули една минута контра реплика.

**Јами Макрадули:** За жал госпоѓа Бонева ова е официјален документ и јас сега го читам. Немам друга опција да прочитам. Сигурно не очекувате аудио записите да ги слушам од комисиите. Тука во Извештајот на Комисијата вие сте рекле дека со намалување на цензусот се доведува во прашање легитимитетот и тоа е ставот на ДУИ. Од тука нема бегање. Но истиот тој став го имавте и вие за Законот за пратеници. Овде молчевте не кажавте ништо затоа што очекувавте да користите нешто, одредени да речам скромни привилегии, но затоа надвор устата ви е полна со демократија. Но, местото е овде во Парламентот да се искажуваат ставовите, а не да играме алиби овде и политички маркетинг.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Тука ќе ја завршиме денешната седница, дами и господа.

Бидејќи продолжението ќе биде на 3 август, дозвоелте ми во ваше и мое име, на граѓаните на Република Македонија да им го честитам претстојниот празник 2 Август, денот на Републиката.

Продолжението е на 3 август во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,55 часот)